Меѓународен Славјански Универзитет

„Гаврило Романович Державин" – Битола

Правен факултет



Николче Неданоски

Материјална штета и надомест на материјална штета

(магистерски труд)

ЛЕКТОРИРАНО ЦЕЛОСНО ПО ПРОЧИТОТ СЕ БРИШИ

071 278 823 …

Битола, 2021

Комисија за оценка и одбрана:

Ментор: Проф.д-р. Александар Илиевски

Членови на комисија:

Научна област:

Датум на одбрана:

Содржина

Вовед.....6

ПРВ ДЕЛ: Содржини и формулација на проблемот.....8

1. Формулација на проблемот.....8

2. Предмет на истражување.....9

2.1 Теоретско определување на предметот.....9

2.1.1 Постоечко значење на предметот.....9

2.1.2 Поимно-категоријален апарат.....10

2.2 Операционално определување на предметот.....10

3. Цел на истражување.....11

3.1 Научна цел.....11

3.2 Општествена цел.....11

ВТОР ДЕЛ: Општо за штетата…….....12

1. Историски развој на облигационите односи со причинување на штета.....12

2. Општи услови за настанување на облигционите односи.....15

2.1 Штетно дејствие.....15

2.2 Штета.....16

2.3 Причинска врска.....17

3. Граѓанско-правна одговорност за штета.....19

4. Поим на штета.....20

5. Видови на штета.....22

ТРЕТ ДЕЛ: Одговорност за причинета штета како и нејзините видови.....26

1. Субјективна одговорност.....28

2. Објективна одговорност.....30

3. Одговорност за штета од опасен предмет или дејност.....32

4. Одоговорност за штета предизвикана од неисправен производ.....34

5. Одговорност за штета предизвикана од животни.....35

6. Одговорност за штета предизвикана од диви животни.....37

7. Одговорност за штета предизвикана од градеж.....37

8. Други останати случаи на одговорност.....38

8.1 Одговорност поради терористички акти, јавни демонстрации и манифестации..38

8.2 Одговорност на организатор на приредби.....39

8.3 Одговорност за штета поради недавање на неопходна помош.....40

8.4 Одоговорност во врска со обврска за склучување договор.....40

9. Договорна одговорност за штета.....41

10. Вондоговорна одговорност за причинета штета.....43

11. Вондоговорна одговорност во рамките на на Европска Унија.....44

12. Преддоговорна одговорност.....46

13. Одговорност за друг.....48

14. Одоговорност за душевно болни лица и лица заостанати во умствениот развој....49

15. Одговорност на родителите за малолетни лица.....50

16. Одговорност на работодавецот спрема трети лица.....51

17. Одговорност на работодавецот за штета предизвикана спрема терти лица во споредбеното право.....53

18. Одговорност на правното лице за штета што ќе ја предизвика негов орган.....54

ЧЕТВРТ ДЕЛ: Поим и видови надомест на штета.....56

1. Поим и надомест на штета.....56

2. Обем на надоместување на штета.....58

3. Еквивалентност помеѓу штета и надомест 58

4. Учество на оштетениот во причинувањето на штетата.....58

5. Субјект кој врши надомест на штетата.....59

6. Видови на надомест на штета.....59

7. Материјална штета и надомест на материјална штета.....60

7.1 Определување на висината на надомест на штета спрема вредноста која ја имала стварта за оштетениот.....63

7.2 Надоместување на материјална штета во случај на смрт, тежок инвалидитет, телесна повреда и оштетување на здравјето.....65

7.3 Надоместување на материјална штета во случај на повреда на честа и ширење невистинити наводи.....68

8. Надомест на нематеријална штета.....69

8.1 Надоместување на нематеријална штета преку морална сатисфакција.....71

8.2 Надомест на нематеријална штета преку правичен паричен надоместок.....73

8.2.1 Правичен паричен надоместок кај лице во несвесна состојба во споредбеното право..... 76

8.3 Надоместување на нематеријална штета на правни лица.....77

8.4 Паричен надомест на нематеријална штета за душевни болки поради смрт или тежок инвалидитет на блиско лице.....78

8.5 Надомест на идна штета.....80

Заклучок.....83

Користена литература.....85

Вовед

Самото опркужување во кое живееме, самите околности во нашиот живот, како и самиот живот не довеле до тоа да се соочиме со голем број на ситуации каде што се случуваат штетни дејствија а како последица на нив настанува штетата. Без разлика дали тие штетни дејствија се причинети намерно или ненамерно како и со чинење и со нечинење се доаѓа до ситуација да се причини самата штета. Што значи дека секој од нас може со некое свое однесување да причинил штета или пак штетата да му биде нанесена него. Меѓутоа за да се избегне нанесување штета на друг потребно е да се однесуваме внимателно, бидејќи постои законска одредба дека секој треба да се воздржи од однесување со кое што може на друг да му причини штета. Ваква одредба постои во скоро сите правни системи.

Штетата не мора да биде причинета само од луѓе таа може да биде причинета и од различни организации, како и заедници, држави исто така и од опасни предмети како и од животни па и растенија исто така и од природни појави. Што значи дека тој што претрпел штета има право да биде обесштетен. Обесштетувањето во зависност од видот на штетата може да биде различно што значи може да биде до враќање во претходна состојба, парична сатисфакција, натурално или пак морална сатисфакција. Меѓутоа не секогаш може да се дојде до целосно обесштетување во таков случај се гледа на оштетениот да му се пружи барем делумно обесштетување.

Повеќето современи законодавства не ја дефинираат штетата тие само даваат насоки и вршат набројување на видовите на штета, меѓутоа за разлика од нив во нашето законодавство штетата е дефинирана како: „Штетата е намалување на нечиј имот (обична штета, и спречување на негово зголемување (испуштетна корист), како и нанесувањето на друга физичка или душевна болка или страв (нематеријална штета)“.

Меѓутоа најактуелно прашање е утврдување кога таа штета е надоместлива. Бидејќи последици на штетата се имотот или личноста на оштетениот, таа претставува субјективно право да бара надомест на штета, а за штетникот тоа претставува обврска да изврши надомест на таа штета. За да оштетеното лице може да ја наплати штетата се претпоставуваа таа штета да биде правно призната. Висината на надоместокот на шетата е секогаш различен бидејќи не секогаш штетата може да се изрази вредносно и

вредносно да се наплати. Што значи определувањето на надоместокот како и неговата висина, судијата го определува различно за секој случај. Меѓутоа иако не секогаш може да се доведе до вредносно определување на штетата односно не секогаш може да се доведе определување на материјален еквивалент потребно е да се донесат определени критериуми со кој што би се довело до полесно определување на надоместокот.

Со самиот факт што тоа сите сме учесници во сообраќајот, било како возачи, пешаци или совозачи, сите сме подложени на ризик од настанувањето на штета. Сообраќајните незгоди претставуваат дел од секојдневниот живот, а во најголем дел од нив како последица се појавуваа материјалната штета на возилата, меѓутоа се појавуаат и голем број на штетни последици и врз самите лица како нематеријална штета. Оттука може да се каже дека произлегува и правото на оштетениот да бара надомест на штетата.

Во овој магистерски труд, акцентот е ставен на надомест на материјална штета во околности на постоење на вина, што пак истата спаѓа во субјективна одговоност. Субјективната одговорност секогаш се врзува за личноста на штетникот, односно за неговата намера или невнимание, со кое пак ја причинува штетата на оштетениот, и како таков има обврска со закон да ја надомести. Па така вината може да биде претпоставена и докажана вина, каде лицето кео оспорува дека кај него постои вина истото е должно да го докаже тоа, како и тогаш кога оштетениот тврди дека штетата е причинета со вина, има обврска пред судот да приложи докази со кои ќе ги потврди наводите во тужбеното барање.

Надоместувањето на материјална штета се јавува во следните ситуации: надоместување на материјална штета во случај на смрт, тежок инвалидитет, телесна повреда и оштетување на здравјето; надомест на материјална штета во случај на повреда на честа и ширење невистинити наводи; надоместување на материјална штета со причинување на штета на имотот и имотните права на друг, како и изгубената заработувачка како вид на материјална (имотна) штета.

Обврската за надомест на материјална штета кога станува збор за парично надоместување паѓа на товар на буџетот на штетникот, но има и околности во кои таа обврска ја има осигурителната компанија, тогаш кога оштетениот е осигуран од штети по здравје, тело или имот, а кога станува збор за натурална реституција, оштетениот е единствениот обврзан за враќање на историодови и по број ствари –предмети.

ПРВ ДЕЛ:

Содржина на формулацијата на проблемот

1. Формулација на проблемот

Кога станува збор за обврската за надомест на материјална штета врз основа на вина, треба да се каже дека секое Законодавство, засебно, го регулира овој проблем на различни начини. Но, бидејќи сите модерни законодавства се поистоветуваат во Римското право за надомест на материјална штета, секаде и секогаш на страната на штетникот постои обврка за надомест на причинетата материјална штета, додека пак на страна на оштетениот е правото да бара и да добие надомест на таа штета.

Забраната на предизвикување штета е начело прокламирано во член 9 од ЗОО: „Секој е должен да се воздржи од постапки со кои може на друг да му се предизвика штета." Повредата на ова начело води кон настанување на облигациони односи настанати со причинување на штета, односно отштетно - правни односи помеѓу лица кои дотогаш не биле во никаков облигационен однос (вондоговорна или деликтна одговорност).[1] Но повредата во форма на причинување штета може да настане и во случај на веќе постоечки облигационен однос и тогаш зборуваме за договорна одговорност. Имено во рамките на постојниот облигационен однос доверителот е овластен да бара од должникот исполнување на обврската, а должникот е должен да ја исполни совесно како што гласи таа.

Неисполнувањето на обврската или задоцнувањето со нејзиното исполнување е санкционирано од страна на законот на тој начин што доверителот има право да бара надомест на штетата кој ја претрпел поради тоа.[2] Оваа обврска произлегува од одредбата од член 141 од ЗОО според која: „Тој што ќе му причини штета на друг должен е да ја надомести." Имено, одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата (натурална реституција), освен во случаите кога враќање на претходната состојба не е можно, па во тој случај се врши вредносно враќање на претходната состојба, познато како парична реституција.

[1] Доц. Д-р Амповска М., Отштетно право, Универзитет ,,Гоце Делчев" -Штип, Штип, 2016 година стр. 40
[2] ЗОО, член 151.

Според Законот за облигационите односи, како општи услови за настанување на граѓанско - правна одговорност се следниве четири услови:[3]

- Да постои штета за одредено лице или за неговите материјални добра<
- Штетата да е направена со противправно дејствие или пропуштање на причинителот на штетата;<
- Да постои вина на сторителот на штетата и і,
- Да постои причинска врска помеѓу противправното дејствие и штетата.

Суштината на оваа проблематика започнува со разработување на законската рамка, како домашната, така и меѓународната. Законот за облигационите односи е основата на оваа магистерска теза.

2. Предмет на истражување

2.1. Теоретско определување на предметот

2.1.1. Постоечко знаење за предметот

Штетата се јавува во секоја онаа ситуација кога едно лице (штетник), на друго лице (оштетен), со противправно дејствие ќе му причини одредена штета, истата треба да ја надомести. Со штетата се врши повреда врз имотот или врз личноста на оштетениот, па така како последица се јавува потребата штетикот да му ја надомести штетата, како еден вид отстранување на последицата. Самата штета го повлекува и прашањето, што е тоа надомест на штета? Под поимот надомест на штета, како општо прифатено дефинирање, се подразбира надомест на изгубена добивка како и испуштета корист и враќање на состојбата онаква каква што била пред да биде преземено штетното дејствие, а со тоа и самото причинување на штетата. Според Проф. Д-р Кимо Чавдар и Проф. Кирил Чавдар, под поимот надомест на материјална (имотна) штета се подразбира отстранување, надоместување или ублажување на штетните последици што

[3] Доц. Д-р Амповска М., Отштетно право, Универзитет ,,Гоце Делчев" -Штип, Штип, 2016 година стр.17

настапиле поради определени штетни дејствија за кои се одговара. Главната проблематика и акцент на ова истражување се надомест на материјална штета во околности на постоење на вина, па поради тоа и вината дополнително ќе се дефинира и разработува. Вината како поим постои уште од римското право каде истата се бележи со исразите dolus (намера) и culpa (невнимание). Правната наука не може да даде точна и концизна дефиниција за вината, па затоа истата ја определува како: повреда на некоја поранешна обврска (која произлегува од законот или од договор),

2.1.2. Поимно - категоријален апарат

Во поимно категоријалниот апарат ќе се дефинираат поимите кои се опфатени во насловот на самата магистерска тема, а кои ќе се среќаваат во наредниот текст од истата.

Штета – Означува загуба на нешто, најчесто материјално;

Надомест – Давачка, противвредност што се дава за извршена услуга, за направена штета и сл;

Материјална штета- означува уништување на стварта, или во помала или голема повреда, оневозможување или попречување на употребата на стварта.

2.2 Операционално определување на предметот

А. Чинители на содржината на предметот на истражување

Предмет на истражување на овој труд ќе биди: Материјалната штета со надоместот на материјална штета врз основа на вина, видовите на штета, видовите на одговорност за штета, поим и видови на вина, видови надомест на штета, осигурување од штета, меѓународни инструменти и емпириско истражување.

Б. Дисциплинарно определување на предметот на истражување

Оваа тематска целина претставува дел и проблематика на граѓанското право, односно на облигационото право и облигационите односи како дел од истото.

3. Цел на истражувањето

3.1. Научна цел

Научната цел во ова истражување се сведува на тоа да ја прикажеме зависноста помеѓу настанатата материјална штета и нејзиниот надомест поврзано со одговорноста за надомест на штета врз основа на вина.

3.2. Општествена цел

Содржината на овој труд и истражување би послужила за поголема информираност на граѓаните по однос на нивното право за надомест на штета од една страна и обврската за надомест на штета од друга страна.

ВТОР ДЕЛ:

Општо за штетата

1. Историски развој на облигационите односи со причинување на штета

Зачетоците на облигационите односи со причинување на штета постоеле уште од многу одамна, што пак историски гледано истите се развивале во различни етапи, па поради тоа денешните односи не наликуваат на оние од минатото, туку истите претрпиле големи измени. Историскиот развој на облигационите односи со причинување на штета може да се подели во неколку етапи, и тоа:

А) Робовладетелско општество

Во тоа општество, како остаток од претклasното општество, за причинетото неправо (деликт) од каков и да било вид санкцијата се состоела во соодветна освета.[4] Станува збор за познатата одговорност од тоа време, или подобро речено казна позната како талион (од латинскиот збор talis = таков), каде во хебрејското законодавство талионот се сведувал на принципот око за око заб за заб.[5]Овај вид на казнување доаѓа до израз и во Законот од 12 таблици.

Во услови на развиеното робовладетелско општество, државата врши поделба на неправото на два основни вида: јавен деликт (delictum publicum) и приватен деликт (delictum privatum). Додека пак од друга страна, како што е и денес, приватните деликти се гонат по иницијатива на оштетениот, државата е таа која што постапува по тоа барање, и на крајот му изрекува сразмерна санкција на штетата која ја причинил.

Б) Систем на доброволна композиција

Сторителот на неправото на оној кој тоа неправо го погодило или на неговите блиски, им давал одредена сума на пари или други ствари, и со тоа се избегнува примената на системот на талион, при што тоа давање на пари или на други ствари в.о системот на

[4] Проф. Д-р Поп Георгиев Д., Облигационо право, Култура, Скопје, 1985 година (стр. 135)
[5] Проф. Д-р Галев Г., Проф. Д-р Дабовиќ-Анастасовска Ј., Облигаци Скопје, 2012 година (стр. 611.)

доброволна композиција се уште не претставува надоместување на причинетата штета, туку соодветна казна за причинетото неправо.[6]

Притоа кај овој систем е карактеристично тоа што штетникот кога дава одреден паричен надомест, истиот не е на име надомест на штета, ами казна односно лога, и најчесто истата го надминувала реалниот износ на штетата.

В) Законска (легална) композиција

Во однос на системот на доброволна композиција, на самиот штетник било да одлучи дали ќе го одбери овој систем или системот на талионн. За разлика пак од таквиот систем, системот на законска легална композиција, државата строго го забранува системот на талион, и гонење на штетникот е по иницијатива на оштетениот, но државата е таа која го определува и видот и висината на надоместокот кој треба да го плати штетникот на оштетениот.

Г) Развиено робовладетелско општество

Во овој период е карактеристично тоа што доаѓа до напуштање на колективната одговорност, и личноста на индивидуата се повеќе доаѓа до израз што придонесува кон тоа да секое лице кое ќе причини штета, субјективно, од страна на државата да биде казнето. Денешното современо право токму влече корени од ова право по однос на одговорност и постапката за надомест на штета. Што значи дека во овој период се повеќе до израз доаѓа индивидуалната одговорност. Се цени волевиот момент, односно субјективниот: дали штетникот е пресметлив или не е, дали штетата ја причинил свесно или не, на кој начин и зошто ја причинил штетата итн., и на тој начин вината станува најважен елемент за надомест на штета. [7]

[6] Проф. Д-р Поп Георгиев Д., Облигационо право, Завод за унапредување на стопанството во СРМ , Скопје, 1976 година (стр. 135).
[7] Д-р Јакшич С., Облигационо право, Веселин Маслеша, Сараево, 1960 година, стр. 24.

Д) Римско право

Во римското право не може да се зборува за граѓанско - правна одговорност во денешна смисла на зборот. Поради тоа, прашањето го поставуваме на еден поинаков начин: дали во римското право постоела обврска која би можела да се квалификува како обврска за надомест на штета?[8]

Во класичното римско право, причинувањето на штета претставувало посебен извор на облигации. Поделбата на облигационите односи според нивниот настанок најдобро е изразена во Институциите на Гај според кои: Omnis enim obligatio vel ex contractus nascitur vel ex delicto или во превод - секоја облигација настанува или од договор или од деликт.[9]

Damnum injuria datum во римското право претставувало противправно оштетување на туѓи ствари.[10] Овој деликт од римското право бил уреден единствено со Lex Aquilia. Со толкување на одредбите од трите поглавја на законот се поставиле неколку услови кои требало да бидат исполнети за да се смета дека настанало противправно оштетување на туѓи ствари. Тие услови биле:[11]

- штетата да е причинета со позитивно дејствие (не со пропуштање) и тоа со непосредно физичко делување на штетникот врз стварта (damnum corpore corpori datum);

- понатаму, се поставило барањето штетата да е причинета намерно (dolus) или поради невнимение (culpa), при што и најлесниот облик на невнимание се земал во предвид, односно: "In lege Aquilia et levissima culpa venit."[12] Според тоа, нема да биде казнет оној кој без долус и небрежност некому случајно сторил штета, бидејќи во тој случај не постои противправност.[13]

Во Република Северна Македонија, регулирањето на облигационите односи настанати со причинување на штета, се регулираат со Законот за облигациони односи од 2001 година во кој штетата се регулира од член 141 до член 189, во вкупно 9 (девет) отсеци.

---

[8] Доц. Д-р Амповска М., Отштетно право, Универзитет ,,Гоце Делчев" -Штип, Штип, 2016 година стр. 23.
[9] Доц. Д-р Амповска М., Отштетно право, Универзитет ,,Гоце Делчев" -Штип, Штип, 2016 година стр. 24.
[10] М. Хорват, Римско Право, Загреб, 1973 година, стр. 303.
[11] Според П. Кларић., оп.цит., стр. .
[12] Д. 9, 2, 44 Ulpianus libro quadragensimo secundo ad Sabinum..
[13] Види Гај, Инст. 3, 210 – 211.

2.Општи услови за настанувањена облигационите односи

Во случај кога настануваат облигациони односи со причинување на штета, како страни се јавуваат штетник и оштетен. Но, не е доволно само тие да постојат, за да стане збор за правен однос, туку потребно е да бидат исполнети најмалку уште три претпоставки, т.н.општи услови. Првиот е штетното дејствие. Тоа претставува дејствие со кое е причинета штетата. Вториот е самата штета –која настанува како последица на тоа дејствие. Третиот услов е принската врска (каузалитет) меѓу штетното дејствие и штетата. Покрај општи услови, постои и посебен услов, за конечно настанување на кој било облигационен однос со причинување на штета. Со посебниот услов се определува видот на одговорноста на причинетата штета. Притоа, тргнувајќи од условеноста на облигационите односи со причинување на штета од постоењето на уште еден посебен услов, тие се појавуваат во повеќе посебни видови на облигациони односи, или во повеќе видови одговорност за причинета штета. Во редот на овие услови посебно значајни се вината и постоењето на ствар илидејност кои претставуваат извор на зголемена опасност.

2.1 Штетно дејствие

Штетно дејствие е она со кое на оштетениот му се причинува штета. Притоа, штетата може да биде предизвикана со одредено сторување, пропуштање или со предмет или со вршење на дејност, кои претставуваат извор на зголемена опасност. Сторувањето како дејствие претставува преземање на одредена активност од страна на штетникот, која што резултира со штета. Пропуштањето е вид несторување што штетникот бил должен да го стори. Пример за тоа е: неисполнување или задоцнето исполнување на некоја договорна обврска од страна на должникот во договорен однос. Освен овие видови на дејствија, постојат и други. Во рамките на оние што се тесно поврзани со личноста на преземачот, спаѓаат: дејствија со кои се повредува интегритетот на човековата личност, или личниот и семејниот живот и други лични права и дејствија со кои се повредува честа на некое лице или дејствија во форма на вербално изнесување или пренесување невистинити наоди за минатото, за знаењето, за способноста на друг итн.

2.2 Штета

Поимот на штета (damnum) може да биде дефиниран на различни начини и тоа да се дојде до економска дефиниција, филозофска, политичка и слично.Во правна смисла за штета се смета само онаа штета која што е правно определена.

Поимот што претставува штета во нашето право е регулиран во Законот за облигациони односи со членот 142 и гласи:

„ Штетата е намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и повреда на личните права (нематеријална штета).”

По правило обврските настануваат врз основа на договор, меѓутоа тие исто така можат да настанат поради определено чинење или нечинење за кое што не е карактеристично странкарското изразување на волја.Со самото тоа што е сторено едностранo чинење или пак пропуштање да се стори нешто без разлика на волјата на тој што го сторил или не го сторил тоа се довело до тоа да се добие правна обврска. Како на пример кога едно лице ќе уништи определена ствар, штетникот е должен на оштетениот да ја поправи штетата односно да ја надомести штетата без разлика на тоа дали штетникот сакал или не сакал да стекне одговорност за штетата. Штетата можеме да ја дефинираме и како неповолен резултат на штетното дејствие на штетникот со што се нарушиле материјалните и нематеријалните права на оштетениот со што штетникот е должен да изврши надомест на истата. Штетата претставува загуба предизвикана врз имотот или личноста на едно лице било таа штета да е предизвикана со небрежност или невнимание или пак со неизбежна несреќа. Таа всушност претставуваа загубата која едно лице ја претрпело или пак добивката која што тоа лице би ја добило. Штетата која е предизвикана должен е да ја надомести сторителот на штетата односно штетникот.Целта на надоместот на штетата е да се врати оштетениот во позицијата која што бил пред да му се стори штетата. За да се зборува за штетата од правен аспект потребно е кумулативно да се исполнети повеќе претпоставки, а особено:

- Да постојат субјекти на штетата и тоа штетник (лице кое што ја предизвикало штетата) и оштетен (лице на кое му е предизвикана штетата и кое побарува оштета)<

- Да постои штетно дејствие (што значи дека штетникот мора да причини штетно дејствие)<
- Да постои противправност на штетното дејствие (штетното дејствие да е спротивно на некоја правна норма) и да постои вина кај штетникот<
- Да постои штета (како имотна така и неимотна и оштетениот истата да ја докаже)-да постои причинско последична врска (каузален нексус-каузалитет) помеѓу штетното дејствие и штетата.

2.3 Причинска врска

Причинска врска (каузалитет). Во правото на причинската врска (каузалитетот) се гледа како нарелативно конкретен однос, кој постои помеѓу точно определено дејствие и точно определена штета, при што штетното дејствие во тој однос е причината, а штетата е последица произлезена од таа причина. Во германска правна теоријаќе прочитаме дека причинската врска е адекватна „ако штетното дејствие е воопшто соодветно да ја предизвика штетната последица, но не и во случај кога тоа (дејствието) можело да ја предизвика благодарение единствено на специфичните и потполно неочекувани околности за кои по редовниот тек на работите не се води сметка.``При оценката дали во конкретно дадени околности постои причинско-последична врска помеѓу одредено штетно дејствие и одредена штетна последица (која правно гледано и ќе доведе или не, до одговорност за предизвиканата штета), судот ја прави таа процена, иако, по правило, тргнува од природната и логичка (филозофска) причинска врска, како фактичка појава, сепак тој до конечниот одговор на ова прашање доаѓа преку утврдување на тоа дали во дадените околности штетното дејствие што постоело, било адекватно, типично или не, да ја предизвика конкретната, типична, за тоа дејствие штетна последица.

Поради постоење на каузалитетот, дејствието заедно со последицата, доведува до одговорност на штетникот на последиците произлезени од неговото подобно и адекватно штетно дејствие.

Во досегашното излагање, стана збор за страните во облигационите односи што настануваат со причинување на штета, односно за носителите на правата и обврските од тие односи, и за трите општи услови за нивно настанување. Исто така, беше споменато и тоа дека покрај општи услови, постојат и посебни услови за настанување на облигациони односи. Тие посебни услови, не се бараат да постојат кај сите видови облигациони односи што настануваат со причинување на штета, туку само кај некои од нив. Во рамките на посебните услови, спаѓаат:

- вината
- ризикот произлезен од опасната ствар или опасна <дејност; повреда на постојна обврска од даден облигационен однос (<најчесто договор)
- деликтна неспособност на штетникот<
- причинување на штета на трето лице од работник или орган на правно лице.

3. Граѓанско – правна одговорност за штета

Во праксата, но и во теоријата често доаѓа до забуна во однос на тоа што е граѓанско правна одговорност, а што е обврска за надомест на штета.

Граѓанско – правната одговорност е поширок поим и има пошироко значење за разлика од обврската за надомест на штета. Па така, голем број на автори и теоретичари во предвид ја земаат следната теорија: „Под поимот граѓанска одговорност не се подразбира исклучиво обврска за надомест на штета. Тој опфаќа и обврска за плаќање на камата, пенали, договорна казна како и должност за преземање на соодветни мерки за спречување на настанување штета или вознемирување, односно обврска за отстранување на изворот на опасност или воздржување од дејствија со кои се прави повреда на правата на личноста на некој друг."[14]

Но сепак, обврската за надомест на штета е еден од најважните облици на граѓанска одговорност.

Се чини дека, најраспространето во правната теорија е сфаќањето дека општи

услови за настанување на граѓанско - правна одговорност се следниве четири

услови:[15]

- Да постои штета за одредено лице или за неговите материјални добра;
- Штетата да е направена со противправно дејствие или пропуштање на причинителот на штетата;
- Да постои вина на сторителот на штетата и
- Да постои причинска врска помеѓу противправното дејствие и штетата.

[14] Радишић Ј., Облигационо право – општи део, Београд, 2004, стр. 183, исто и Вучкович М., Облигационо право, Нови Сад, 1998 година, стр.238.
[15] Доц. Д-р Амповска М., Отштетно право, Универзитет ,,Гоце Делчев" -Штип, Штип, 2016 година стр. 17.

Она на што е ставен акцент во овој труд е штетата, па поради тоа граѓанско – правната одговорност ќе ја разгледуваме од аспект на обврската за надомест на причинета материјална штета.

Причинувањето на штета од една страна претставува извор на облигациониот однос, односно облигационо правен факт кој доведува до создавање на односот, а од друга страна претставува предуслов за настанување на граѓанско - правна одговорност.

4. Поим на штета

Поимот на штета (damnum) може да биде дефиниран на различни начини и тоа да се дојде до економска дефиниција, филозофска, политичка и слично.

Во правна смисла за штета се смета само онаа штета која што е правно определена.

Поимот што претставува штета во нашето право е регулиран во Законот за облигациони односи со членот 142 и гласи: „Штетата е намалувањето на нечиј имот (обична штета) и спречувањето на негово зголемување (испуштена корист), како и повреда на личните права (нематеријална штета). “[16]

По правило обврските настануваат врз основа на договор, меѓутоа тие исто така можат да настанат поради определено чинење или нечинење за кое што не е карактеристично странкарското изразување на волја. Со самото тоа што е сторено едностранo чинење или пак пропуштање да се стори нешто без разлика на волјата на тој што го сторил или не го сторил тоа се довело до тоа да се добие правна обврска. Како на пример кога едно лице ќе уништи определена ствар, штетникот е должен на оштетениот да ја поправи штетата односно да ја надомести штетата без разлика на тоа дали штетникот сакал или не сакал да стекне одговорност за штетата.[17]

[16] Закон за облигациони односи.
[17] Crnic, Ivica, odstetno pravo- zbirka sudskih rjesidbi o naknadi I popravjanju stete s napomenama I propisima.

Штетата можеме да ја дефинираме и како неповолен резултат на штетното дејствие на штетникот со што се нарушиле материјалните и нематеријалните права на оштетениот со што штетникот е должен да изврши надомест на истата.[18]

Штетата претставува загуба предизвикана врз имотот или личноста на едно лице било таа штета да е предизвикана со небрежност или невнимание или пак со неизбежна несреќа. Таа всушност претставуваа загубата која едно лице ја претрпело или пак

добивката која што тоа лице би ја добило. Штетата која е предизвикана должен е да ја надомести сторителот на штетата односно штетникот. Целта на надоместот на штетата е да се врати оштетениот во позицијата која што бил пред да му се стори штетата.

За да се зборува за штетата од правен аспект потребно е кумулативно да се исполнети повеќе претпоставки, а особено:

-Да постојат субјекти на штетата и тоа штетник (лице кое што ја предизвикало штетата) и оштетен (лице на кое му е предизвикана штетата и кое побарува оштета).

-Да постои штетно дејствие (што значи дека штетникот мора да причини штетно дејствие).

- Да постои противправност на штетното дејствие (штетното дејствие да е спротивно на некоја правна норма) и да постои вина кај штетникот.

-Да постои штета (како имотна така и неимотна и оштетениот истата да ја докаже).

- Да постои причинско последична врска (каузален нексус- каузалитет) помеѓу штетното дејствие и штетата.

[18] Гергиев-Калица, Александар, Речник на правни поими: (дефиниции на поими и фрази од македонското законодавство и латински правни изреки),институт за истражување и европски студии, Битола,2015.

5. Видови на штета

Во зависност од избраниот критериум со кој што ќе се разгледува штетата во правото постојат повеќе видови на штета. Иако во најголем број на случаи ќе се сретнеме со поделба на штетата на материјална и нематеријална сепак постојат голем број на видови на штета.

а) Материјална и нематеријална штета

Во зависност од природата на оштетеното добро постои материјална (имотна) и нематеријална (неимотна) штета.

Под материјална штета се подразбира штета нанесена врз имотните добра на човекот. Материјалната штета постои ако негативната последица од штетното дејствие се манифестира врз имотните права и интереси на оштетениот, односно врз неговите имотни добра, чија вредност секогаш може да биде изразена во пари. Како имотна штета се смета секое намалување на имотот на оштетениот, но и секое оневозможување тој имот да се зголеми, кога таквото зголемување можело реално да се очекува според редовниот тек на работите или барем според конкретните околности.

Под нематеријална штета се подразбира штета причинета врз неимотните и личните добра на човекот како што се: животот, здравјето, физичкиот и психичкиот интегритет, слободата, честа, достоинството и друго. Во ЗОО под нематеријална штета се сметаше за физичка или психичка болка на оштетениот, стравот, патењето и слично. Меѓутоа со измените на ЗОО од 2008 година под нематеријална штета се подразбира штета причинета врз личните права. Меѓутоа со ЗОО предвидено е дека како лице кои можат да бараат ндомест на нематеријална штета не се само физичките лица туку и правните лица меѓутоаа разлика помеѓу нив е што правните лица неможат да бараат надомест за штета причинета врз личните атрибути на физичкото лице како што се право на живот, на телесно и душевно здравје и други права. Исто така во некои правни системи нематеријалната штета не се ни нарекува штета, бидејќи не претставува губење или оштетување на имотот. И износот кој што се определува за нематеријална штета всушност не претставува надомест за нематеријална штета со самото тоа што

човечките атрибути немаат своја вредност. Во ЗОО во чл 9 се наведени „личните права се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права. Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.“

Што значи во нематеријална штета не спаѓа физичката повреда или пак нарушување на здравјето, туку физичката болка што се доживува во текот на повредата или нарушувањето на здравјето, односно последиците кои настанале и се манифестирале преку душевната болка, физичката болка и стравот.[19]

б) Сегашна, идна и евентуална штета

Под сегашна штета се смета онаа штета која што настанала од директно влијание на штетното дејствие. И онаа штета која што во моментот на судското одлучување веќе постои.

Додека под идна штета се смета онаа штета која што со сигурност се знае дека ќе настапи меѓутоа сеуште не е настаната.

За разлика од идната штета која со сигурност се знае дека ќе настапи евентуалната штета не е сигурно дека ќе настапи меѓутоа се смета дека ќе дојде до штета поради штетното дејствие кое е направено.

[19] Зборник радова Правног факултета у Новом Саду, 2/2012.

в) Конкретна и апстракна штета

Под конкретна штета се подразбира штета која што се утврдува во зависност од конкретните околности во дадениот случај. Што значи незиното постоење и обем можат да се докажат и утврдат.

А апстракната штета е штета која што се претпоставува а пак се надоместува во однапред утврдени критериуми.

г) Директна, индиректна, симултивна и сукцесивна штета

Под директна штета се подразбира штета настаната под дирекно односно непосредно влијание на штетното дејствие.

Индиректна штета се подразбира штета настаната под посредно влијание на штетното дејствие.

Симулативната штета претставува повеќе штети настанати со едно штетно дејствие, меѓутоа се смета како една штета.

Сукцесивната штета се подразбира штета која што хронолошки настанала од друга штета, а двете се последица од едно штетно дејствие или штетно чинење.

д) Парична и непарична штета

Штета чија што вредност може да се утврди парично или пак и самата непосредно се состои од пари се нарекува парична штета.

За разлика од неа непаричната штета не е возможно нејзината вредност еквивалентно да се утврди во пари. (како што е случај кај нематереијалната штета)[20].

[20] Berislav Matijevic, dipl.iur.1 ŠTETA I NAKNADA IZ OSIGURANJA.

ѓ) Стварна штета и испуштена корист

Под стварна штета се подразбира намалување, уништување на постоечкиот имот, додека под испуштена корист се подразбира спречување за зголемување на имотот.

е.)Директна и индиректна штета

Директна штета е онаа која настапува како последица од штетното дејствие со сторување, односно пропуштање.

Индиректната штета настанува посредно како резултат на настаната директна штета .

ж.) Предвидлива и непредвидлива штета

Предвидлива штета е онаа која штетникот требало (морало) да ја предвиди во моментот на преземање на штетното дејствие, односно во моментот на пропуштање на тоа дејствие, со оглед на фактите што тогаш му биле познати или морале да му бидат познати.[21]

Непредвидлива штета е онаа која штетникот во моментот на превземање, односно пропуштање на штетното дејствие не можел да ја предвиди (пр. склучување на договор).

з.) Позитивна и негативна штета

Позитивна (позитивен договорен интерес) е онаа штета која е причинета со неисполнување или неправилно исполнување на договорната обврска која е произлезена од полноважно склучен договор. Негативната штета (негативен договорен интерес) е онаа штета која е причинета со склучување на договор кој не е полноважен.

[21] Проф. Д-р Галев Г., Проф. Д-р Дабовиќ-Анастасовска Ј., Облигационо право, Просветно дело, Скопје, 2012, стр. 648.

ТРЕТ ДЕЛ:

Одговорност за причинета штета како и нејзините видови

За да постои причинета штета постојат услови кои што треба да бидат кумулативно исполнети со цел да дојде до одговорност за причинетата штета. Како услови за причинета штета се сметаат: да постои оштетен и штетник односно да постојат страни во штетниот однос, штетното дејствие да биде противправно и дирекно како и да постои каузалитет односно врска помеѓу штетното дејствие и настаната штета. Но и покрај исполнувањето на овие комулативни услови со цел да се дојде до постоење на одговрност за штетата потребно е да се исполни уште еден услов а тоа е да постои вина кај сторителот на штетното дејствие.[22]

Во чл. 141 од ЗОО кој гласи: "Тој што со вина ќе му причини штета на друг,должен е да ја надомести. Меѓутоа за штета причинета од предмети или дејности од кои произлегува зголемена опасност од штета за околината,се одговара без оглед на вина. За штета без оглед на вина се одговара и во други случаи предвидени со закон".

Меѓутоа иако законот и голем број на правни теоретичари сметаат дека вината постои само кај субјективната одговорност некои па смеетаат дека вината постои и кај сите други видови на одговорност иако таа не е дирекно изразена. Тие како пример велат дека кај одговорност за друг како вина се смета должноста за надзор на штетникот, кај одговорноста на родителите за децата за вина се смета недоволната родителска грижа, кај работодавецот за штета предизвикана на работник во работата или во врска со работата се заснова во врска со односот работодавец – работник, за штетата предизвикана пак од опасен предмет причинската врска помеѓу опасниот предмет и неговиот имател и така натаму.

Додека пак голем број на правни теоретичари како и според самиот закон за облигациони односи постојат два основи за одговорност и тоа:

[22] Прпф д-р Речкоски, Ристо, Осигурително право.

- Одговорност врз основа на вина (субјективна одговорност) и
- Одговорност без оглед на вина (објективна одговорност) .

Постојат и други видови на одговорност уредени со самиот закон и тоа одговорност за штета предизвкина од опасен предмет и опасна дејност, како и одговорност за друг уредена со Отсек 3 (од член151 до член 156 , одговорност на работодавецот спрема трето лице уредена со Отсек 4 (од член157 до член158) и посебни случаи на одговорност уредени во Отсек 6 (од член166 до член173). [23]

Како вид на одговорност за причинета штета се сметаат и договорната и вондоговорната одговорност. Договорната одговорност претставува повредна на постоечкиот облигационен однос, а со цел да дојде до причинување на штета потребно е да дојде до повредна на договрната обврска од страна на еден или пак двајцата договарачи. Ако до повреда на договорните односи дојде со обично невнимание на должникот, доверителот има право на надомест само на онаа штета која должникот за време на склучување на договорот морал да ја предвиди како можна последица од повреда на договорот со оглед на фактите кои што тогаш му биле познати или морале да му бидат познати. Обемот на надомест на договрната штета предизвикана со обично невнимание се сведува на предвидлива штета. Во случај на намерно неисполнување на обврската или измама, доверителот има право на целосен надомест на штета. Кај вондоговорната одговорност. Кај овај вид на одговорност, одговорноста настанува кај страни кои што дотогаш не биле во меѓусебен облигационен однос. Кај овај вид на одговорност штетата се нарекува причинување на штета со граѓанско правен деликт.

Исто така имаме одговорност за себе како и одговорност за друг. Кај одговорноста за себе штетникот одговара за штета предизвикана со сопствено чинење, додека пак кај одговорност за друг лицето одговара за штета која што ја предизвикала друго лице.

[23] Помлад асистент Радевска, Марија, Облигациони односи настанати со причинување штета во македонското право, ФГД Штип, Правен факултет.

Исто така имаме и одговорност на повеќе лица за иста штета. Тука имаме поделена одговорност и солидарна одговорност. Кај поделената одгворност имаме кога секое од лицата одговара за штетата која штое предизвикана, меѓутоа основно правило е дека секој одговара за штетата во обем во кој што ја предизвикала, во случај кога обемот не може да се утврди тогаш лицата одгвоараат во еднакви делови. За разлика од неа кај солидарната одгвороност пак секое од лицата одговара за целокупната штета без разлика во кој обем ја предизвикала.

Крајниот заклучок од разгледување на одредбите е дека во нашето право постојат два основни видови на одговорност односно одговорност врз основа на вина и одговорност без основ на вина. Сите останати видови на одговорност уредени како посебни видови на одговорност во ЗОО во крајна линија се сведуваат на случаи на субјективна или објективна одговорност за што основот го наоѓаме во чл. 141 од ЗОО.[24]

1. Субјективна одговорност

Покрај претходно наведените општи услови (штетно дејствие, штета и каузалитет) се јавува и четврт услов, посебен услов врз кој се темели конретната одговорност на штетникот –вина. Според нашето законодавство, покрај деликтната способност на штетникот, неговото противправно дејствие, штетата која настанала од него, и постоењето на каузалитетот (причинската врска меѓу штетата и штетното дејствие), се бара уште и постоење на вина на страна на штетникот. Со други зборови, без нејзино постоење ќе изостане неговата одговорност за настаната штета. Тоа значи дека вината е основната причина, решавачка околоност што ја оправдува одговорноста на штетникот за штетата, што му ја причинил на оштетениот. Оваа одговорност е тесно врзана со субјективниот однос на штетникот кон своето дејствие, па поради тоа таа се јавува како негова субјективна (лична) одговорност. Историски гледано, субјективната одговорност своите корени ги има уште од времето на класичното римско право, поточно од

[24] Помлад асистент Радевска, Марија, Облигациони односи настанати со причинување штета во македонското право, ФГД Штип, Правен факултет.

времето на донесување на lex Aquilia. Пред овој период, граѓанската одговорност се мешала со казнената, а воедно и не постоела нити свеста за категоријата вина.

До триесеттите години на 19-ти век субјективната одговорност (која почива на вината) е единствен вид на одговорност за причинетата штета. Ова најдобро може да се забележи во познатите од тоа време граѓански кодификации (Наполеонов Граѓански Законик од 1804 год, Австриски Граѓански Законик од 1811 год., Српски Граѓански Законик од 1844 год. и сл.).

Во однос на нашето право, почнувајќи од 1978 година, кога стапи во сила Законот за облигациони односи (како сојузен), а од 2001 како македонски, во него, како и во претходно наведените граѓански кодификации, вината претставува неприкосновен основ за одговорност за причинета штета (позната како субјективна одговорност). Субјективната одговорност за причинета штета се заснова врз вината како психички однос помеѓу штетникот и причинетата штета. Законот за облигациони односи не го дефинира поимот на вина како основ за одговорност на штетникот за штетно дејствие и причинета штета, туку определува дека –вина постои кога штетникот причинил штета намерно или со невнимание.

Постојат и други видови на одговорност уредени со самиот закон и тоа одговорност за штета предизвкина од опасен предмет и опасна дејност, како и одговорност за друг уредена со Отсек 3 (од член 151 до член 156 , одговорност на работодавецот спрема трето лице уредена со Отсек 4 (од член 157 до член 158) и посебни случаи на одговорност уредени во Отсек 6 (од член 166 до член 173).[25] Како вид на одговорност за причинета штета се сметаат и договорната и вондоговорната одговорност. Договорната одговорност претставува повредна на постоечкиот облигационен однос, а со цел да дојде до причинување на штета потребно е да дојде до повредна на договрната обврска од страна на еден или пак двајцата договарачи. Ако до повреда на договорните односи дојде со обично невнимание на должникот, доверителот има право на надомест само на онаа штета која должникот за време на склучување на договорот морал да ја предвиди како можна последица од повреда на договорот со оглед на фактите кои што тогаш му биле познати или морале да му бидат познати. Обемот на надомест на договрната штета предизвикана со обично невнимание се сведува на

[25] Помлад асистент Радевска, Марија, Облигациони односи настанати со причинуваwe штета во македонското право, УГД Штип, Правен факултет.

предвидлива штета. Во случај на намерно неисполнување на обврската или измама, доверителот има право на целосен надомест на штета. Кај вондоговорната одговорност. Кај овај вид на одговорност, одговорноста настанува кај страни кои што дотогаш не биле во меѓусебен облигационен однос. Кај овај вид на одговорност штетата се нарекува причинување на штета со граѓанско правен деликт. Исто така имаме одговорност за себе како и одговорност за друг. Кај одговорноста за себе штетникот одговара за штета предизвикана со сопствено чинење, додека пак кај одговорност за друг лицето одговара за штета која што ја предизвикала друго лице.

2. Објективна одговорност

Историски гледано, објективната одговорност како вид на граѓанко-правна одговорност за причинета штета во одредена смисла е постара од другите видови граѓанско-правна одговорност, односно ѝ претходи на субјективната одговорност. Овој заклучок потекнува од сознанијата дека во првобитното општество идејата за вина била непозната, а одговорноста за причинета штета, со оглед на тоа дека не се засновала на субјективен критериум била објективна одговорност. Но, објективната одговорност која постоела во првобитното општество настанала во сосема различни услови во однос на условите кои ќе доведат до појава на објективната одговорност во денешна смисла на зборот, па затоа треба да се има во предвид дека објективната одговорност за која велиме дека ѝ претходи на субјективната одговорност не претставува објективна одговорност која може да се поистовети со објективната одговорност која постои во модерното општество. На ова се надоврзува и цитатот дека: "Во сите времиња и во сите земји постоеле случаеви на одговорност без вина покрај оние засновани на вината." [26]

Современиот развој, развојот на науката и техниката како и примената на нивните достигнувања во секојдневниот живот доведоа до тоа да постојат штети кои што неможат според вината да му се префрлат на никое лице, со тоа се довело до тоа за одредени штети да не постои одговорен за настанатата штета. Штетните последици

[26] Амповска, Марија, ОСНОВИ НА ГРАЃАНСКО-ПРАВНАТА ОДГОВОРНОСТ РАЗГЛЕДУВАН ВО ИСТОРИСКИ КОНТЕКС.

станувале се почести и почести со што било потребно тие штети на тие лица некој да му ги надомести. Излезот од овај проблем е најден во самата објективна одговорност. Суштината на самата објективна одговорност не е што причинителот на штета одговара за штетата без вина туку независно од вината. Што значи штетникот неможе да се ослободи од надоместот од штетата со тоа што ќе докаже дека не е крив.

Објективната одговорност претставува одговорност за штета за чие настанување не е потребно да биде исполнет условот за постоење на вина. Објективната одговорност настанува кога оштетеникот ќе ги докаже претпоставките: штетното дејствие, штетата, причинско последичната врска и противправноста. И во некои случаеви како што се штета настаната од опасен предмет или опасна дејност причинско последичната врска не се докажува туку се претпоставува. Штетникот може да се ослободи од вина доколку докаже дека:

- Штетата потекнува од друг причинител, а чие делување неможело да се предвиди, избегни ни пак отстрани односно штетата да се случила со виша сила;
- Штетата да настанаала со чинење исклучиво на оштететениот и
- Штетата да настанала со чинење од друга трета личност.[27]

Од самото толкување на чл. 1384 од Францускиот Code Civil кој гласи: "Едно лице е одговорно не само за штетата што ќе ја причини со свои дејствија, туку исто така и за штетата причинета со дејствие на лице за кое тој одговара или од ствари за чие чување е задолжен" може да се заклучи дека објективната одговорност уште тогаш се однесувала не само на имателите на опасни предмети и дејности туку и за лицата и сите предмети за кое што едно лице одговара.

Најчесто објективната одговорност се врзува за штета предизвикана од опасен предмет или опасна дејност. Како објективна одговорност се смета и одговорноста за штета предизвикана од неисправен производ. Посебни правила за надомест на објективна штета имаме кај надомест на штета предизвикана од собраќајна несреќа, меѓутоа битно е да се напомене дека како објективна одговорност се смета штетата што ја претрпеле трети лица како на пример велосипедисти, пешаци и слично, а додека

[27] http://www.poslovni.hr/leksikon/objektivna-odgovornost-848.

пак за штетата која што учесниците во несреќата си ја нанеле меѓусебно се одговара според субјективната одговорност, доколку постои вина барем кај еден од учесниците (овај вид на штета ќе биде понатаму подетално разработен. Правилата на објективна одговорност се применуваат исто така и кај штета предизвикана од терористички акт, штета предизвикана при јавна манифестација.

3.Одговорност за штета од опасен предмет или дејност

Најголеми предизвикатели на штета денес претстауваат опасниот предмет и опасната дејсност. Според ЗОО за штетата предизвикана од опасен предмет или дејност се одговара без оглед на вина.

Со цел да дефинираме што значи опасен предмет, битно е да напоменеме дека сите предмети изгледаат опасно, меѓутоа не се сите предмети еднакво опасни, што значи некои од нив се поопасни од другите. Што значи опасноста може да се степенува што е многу значајно од правен аспект. Единствено предетот од кој што се заканува прекумерна опасност се смета за опасен предмет. Според професорот Михајло Костадинович под опасен предмет се смета: ‟ Под опасни предмети се подразбираат подвижни и неподвижни предмети кои со самото свое постоење, карактеристики, положба или употреба претставуваат зголемена опасност од штета по околината. Овие предмети предизвикуваат ризик од штета која што неможе да се избегне иако со нив се постапува со најголемо внимание. И тоа всушност ги прави опасни‟.

Исто така дефиницијата во нашиот правен систем за опасен предмет како и за опасна дејност може да се извлечи и од Членот 159 од ЗОО кој гласи: „ За штетата настаната во врска со предмет, подвижен или недвижен, чија положба, употреба, особина или самото негово постоење претставуват зголемена опасност од настанување штета на околината (опасен предмети) или дејноста чие вршење претставува зголемена опасност од настанување штета за околината (опасна дејност), се претпоставува дека потекнува од тој предмет, односно од таа дејност, освен ако се докаже дека причината е на страната на оштетениот или трето лице, односно настанала поради виша сила. ‟

Поимот за опасен предмет не е апсолутен туку релативен поим. Некои предмети се опасни сами по себе како што е на пример отров, гас, експлозив, други пак се опасни поради својата положба како на пример старо стебло, додека пак трети се опасни кога само ќе се движат како на пример автобусот. Меѓутоа во некои правни системи соспецијални закони е поединечно наведено кои предмети се сметаат за опасни и доколку определен предмет не е опафатен со тој закон се смета дека тој е безопасен.

Како и опасниот предмет така и опасната дејност може да се дефинира. Како дефиниција за опасна дејност се смета: под опасна дејност се подразбира секоја човекова дејност од која што произлегува голема и невообичаена опасност за настанување на штета која што не може да се избегне и при зголемена внимателност на лицето кое што ја врши. Опасните дејности предизвикуваат зголемена опасност по околината односно по животот, здравјето како и материјалните добра. Одговорноста за штетата не се темели врз вината, туку врз зголемениот ризик. Бидејќи лицето кое што е сопственик на предметот или дејноста добива определена корист од него одговара за штетата која што ја предизвикал самиот предмет или дејност што значи должен е да ја надомести. Тоа е определено со чл 160 од ЗОО кој гласи: „За штета од опасен предмет одговара неговиот имател, а за штета од опасна дејност одговара лицето кое се занимава со неа.“

Со цел оштетениот да си ја надомести штетата потребно е да докаже дека претрпел штета и самата штета потекнува од опасниот предмет или дејност. Што значи всушност дали штетата потекнува од самиот предмет немора ни да се докажува бидејќи постои законска претпоставка дека штетата потекнува од опасниот предмет или дејност, се додека не се докаже дека штетата настанала поради оштетениот или друга личност или пак поради виша сила.

Покрај примарните лица кои што ЗОО ги наведува како одговорни за надоместот на штетата а тоа се имателот на прдметот или лицето кое се занимава со дејноста, ЗОО наведува и секундарни лица кои можат да се појават како одговорни за штетата.

Имателот се јавува како одговорен за штетата од самата причина што тој има корист од имањето на предметот или вршењето на дејноста, меѓутоа во некои случаеви кога како корисник на предметот се наоѓа трето лице, имателот неможе да го контролира неговото користење како одговорен за штетата се наоѓа корисникот на тој предмет. Во случај кога штетата произлегува од скриена маана или својство одговорноста паѓа кај

имателот на предметот одговорноста исто паѓа кај него во случај кога предметот му го предал на лице кое што не е оспособено за работење со тој предмет. Како друго секундарно лице кај кое што одговорноста за штета паѓа се смета и лицето кое што на противправен начин му го одзело предметот од имателот.[28]

4. Одговорност за штета предизвикана од неисправен производ

Одговорноста за штета предизвикана од неисправен производ претставува релативно ново и значајно подрачје од граѓанско-правната одговорност, која што во последниве неколку децении релативно брзо се развива и менува. Бидејќи во современиот технолошки свет се почесто се појавуваат штетите предизвикани врз човековите материјални и нематеријални добра од страна на неисправен производ претставуваат битен аспект во правната наука и судската пракса.

Со самиот развој на техниката и технологијата се довело до напуштање на начелото на вина за определување на одговорноста. Во релативно новите правни литератури во кои што се обработува надоместот на штета се довело до речиси едногласно прифатен ставот за правната природа на одговорноста за штетата предизвикана од неисправен производ. И како доминантно начело се смета објективната одговорност за штета без оглед на вина. [29]

Во ЗОО во член 165 е определено: „Тој што ќе пушти во промет некој предмет што го произвел, а кој поради некој недостаток за кој тој не знаел претставува опасност од штета за лица или за предмети ,одговара за штетата што би настанала поради тој недостаток. Производителот одговара и за опасните својства на предметот ако не презел се што е потребно штетата, што можел да ја предвиди, да ја спречи со предупредување, со безбедна амбалажа или со друга соодветна мерка. “

Под неисправен производ се смета производот кој што земајќи ги во предвид околностите , особено начинот на кој производот е претсавен, целите во кои според разумното очекување производот може да биде употребен и времето во кое производот

[28] Закон за облигациони односи.
[29] M. BEVANDA, Odgovornost za štetu izazvanu neispravnim proizvodom.

е пуштен во промет, не дава сигурност што од таквите производи се очекува. Доколку подоцна пуштениот производ е со подобри својства не се се смета за неисправен.

За штетата предизвикана од неисправен производ одговара лицето кое што го произвело тој производ и го пуштило во промет. Меѓутоа тоа лице може да се ослободи својата одговорност во случај кога докаже дека производот не го пуштил во промет, во случај кога ќе докаже дека неисправноста не постоела во моментот на пуштање во промет на производот. Производот не е произведен за продажба, давање во закуп или било која друга деловна цел како и дека не е пуштен во промет во рамки на неговата дејност. Неисправноста е последица на присилни прописи, состојбата на науката и техничкото знање во моментот на пуштање во промет на производот не можеле да ја утврдат неисправностаа и штетата да настанала со дејствие на оштетениот или лице за кое тој одговара, односно дејствие кое произведителот не можел да го предвиди и чии последици неможел да ги избегни или отстрани.[30]

5. Одговорност за штета предизвикана од животни

Одговорноста за штета причинета од животни не е утврдена на исти начин во сите правни системи. Во граѓанско-правниот систем постојат два основни системи на одговорност за штета предизвикана од животни и тоа одговорност заснована според принципот на вина и одговорност според принципот на ризик. Иако двата системи имаат иста цел надоместот на штетата предизвикана од животни, тие меѓусебно многу се разликуваат бидејќи тргнуваат од различни стојалишта и бараат различни услови за утврдување на одговорноста на одговорното лице. Системот на субјективна одговорност се заснова на принципот на вина. Вината преставувала услов за одговорност на имателот на животното. Развојот на овие две стојалишта не бил рамномерен и може да се каже дека тие истовремено односно паралелно се развивале и постоеле. Со самиот развој се довело до отстапување од принципот на вина. Тие отстапувања дошле до тоа постепено принципот на вина да се замени со принципот на

[30] Проф д-р Дукоски, Саша, Облигационо право-договори, Кичево 2006.

ризик. Според нашиот правен систем одговорноста за штетета предизвикана од животни претставува објективна одговорност.[31]

За штетата предизвикана од животно одговара неговиот имател, без разлика дали животното се наоѓа кај него, се загубило или избегало. Имателот одговара и за штетата која што вознемиреното животно ќе му ја нанесе на лицето кое со добра волја пробувало да го припитоми и задржи.[32]

Во случај кога животното ќе му причини штета на корисникот на земјиштето и го затекне во моментот на причинување на штета, тој има право да го задржи животното како залог се додека не му биде надоместена штетата, меѓутоа должен е веднаш да го извести сопственикот на животното, а доколку животното нема сопственик надлежниот орган на локалната самоуправа.[33]

Имателот не одговара за штетата што ја причинило животното доколку животното било дадено на чување на друго лице или некоја установа, наместо него ќе одговара лицето кое што било задолжено за чување на животното. Но имателот ќе одговара за штетата во случај кога животното имало некоја мана а тоа не му го кажало на лицето кај кое што било доверено животното на чување.[34]

[31] Д-р Андрејевиќ, Миловоје, Основ одговорности за штету коју причине животиња.
[32] Закон за облигациони односи, член 165-ж.
[33] Закон за облигациони односи, член 165-ѕ.
[34] Закон за облигациони односи, член 165-з.

6. Одговорност за штета предизвикана од диви животни

Во животот, а последователно и во правната пракса , неретко доаѓа до штетни случувања во која шетата на оштетените ја предизвикал дивеч. За штетата која што ја предизвикува дивото животно одговара корисникот на отвореното или затворено ловиште. Додека пак за штетата предизвикана од диви животни за кое што е пропишана трајна забрана за ловење одговара државата. Во двата случаеви оштетените имаат право на надомест во случај кога ги презеле сите мерки за спречување на штетата.[35]

7. Одговорност за штета предизвикана од градеж

Уредувањата на одговорноста за штета од градеж со е наметнато од барањата на практиката, а законското уредување на ова прашање е поткрепено со искуствата на компаративното облигационо право. Со одредбите се уредуваат прашањата на одговорноста на сопственикот или владетелот на зграда или друг градеж за штетата што ќе се причини со нивно уривање или пад на некој нивен дел. Тие се ослободуваат од одговорност во случаите на виша сила. Исто така, сопственикот има право на надомест од лицата по чија вина дошло до уривање на градежот. Во поглед на одговорноста предвидена со правилата за одговорноста за штета од градеж, соодветно ќе се применуваат правилата за надоместување на штетата од законот, освен ако со друг закон не е поинаку определено.

[35] Закон за облигациони односи, член 165-и.

8. Други останати случаи на одговорност

8.1 Одговорност поради терористички акти, јавни демонстрации или манифестции

Со терористичките акти, како и при јавни демонострации и манифестации може да дојде до разни штети, до смрт на поединци, телесни повреди како и оштетување или уништување на имотот. За таа штета одговара државата без оглед на вина. Одговорноста на државата произлегува од нејзината должност да се грижи за сигурноста на граѓаните и имотот како и да обезбедува јавен ред и мир. Доколку штетата е предизвикана со терористички акт организиран во странство одговорноста паѓа на државата.

Организаторите како и учесниците и подтикнувачите како и помагачите на актите на терор и јавните демонстрации и манифестации немаат право на надомест на штета. Одговорноста на државата не се заснова според принципот на вина односно субјективна одговорност, туку станува збор за објективна одговорност. Одговорноста се заснова на соборливата претпоставка на вина на државата. Доколку се знае кое предизвикувач на штетата државата има право и обврска да бара надомест на исплатениот износ од лицето кое ја предизвикало штетата.[36]

-Јавна демонстрација претставува собирање на поголем број на лица кои што сакаат да изведат негативен став за некоја општествена појава.

-Јавна манифестација претставува собирање на поголем број на лица кои што сакаат да изведат позитивен став за некоја општествена појава.

[36] Закон за облигациони односи, член 166.

8.2 Одговорност на организаторот на приредби

Поголем број на луѓе собрани на затворен или отворен простор претставуаат потенцијален извор на опасност за предизвикување на штета за поединци од групата или околината, бидејќи во такви услови многу лесно може да се дојде до неконтролирано однесување на масата, општ неред и слично. Поради тоа лицата кои што организираат такви настани одговараат за штетата предизвикана со тие приредби и тоа според принципот на објективна одговорност. Приредбите според кои се врши собирот можат да бидат од различен карактер и тоа забавен, културен, спортски итн.

Како организатор на приредбата можат да се јават сите физички и правни лица кои што собрале поголем број на маса на луѓе без разлика од каков карактер е настанот.

Меѓутоа органиаторите одговараат само за штетата настаната од смрт или телесна повреда кој што некој ќе ја претрпи поради неконтролирано однесување на масата. [37]Бидејќи основ на нивната одговорност е собирање на голем број на луѓе на ограничен простор и зголемување на опасноста за штета, не е битно всушност кој ја предизвикал штетата. Штетата на пример може да биде последица од рушење на трибина или некој дел од спортскиот објект, пожар во кино и слично. Бидејќи организаторот е должен да воспостави ред помеѓу масата всушност тој е одговорен за штетата настаната од смрт или телесна повреда која што насталаа со тепачка помеѓу гледачите на приредбата, поради фрлање на разни предмети, употреба на огнено или ладно оружје и друго. Тој е одговорен за настаната штета без разлика дали во моментот на случување на штетата бил во масата која што ја предизвикала штетата или пак во нејзина близина.

[37] Закон за облигациони односи, член 170.

8.3 Одговорност за штета поради недавање на неопходна помош

Според начелото на солидарност сите граѓани се должни да му дадат помош на лицето кое што се наоѓа во опасност. Давањето на помош не претставува само морална туку и правна обврска. Со кршењето на тие обврски се повлекува до употреба на казенено правните и имотно правните санкции. Законот за облигациони односи со член 171 вели: „Тој што без опасност за себеси нема да му даде помош на лице чиј живот или здравје се очигледно загрозени, одговара за штетата што настанала од тоа, ако тој според околностите на случајот морал да ја предвиди таа штета.“ Лицето е одговорно за штетата без разлика од тоа дали штетата настанала од самиот оштетен, некој трет или или пак виша сила. Како услови за оваа одговорност се сметаааат: - Да на лицето кое што е оштетено му се загрозени животот и здравјето, бидејќи имотната штета не е доволна. Лицето кое што ја дава помошта да ја дава само во случај кога не се изложува на опасност. Како и штетата да била предвидлива, бидејќи лицето не одговара за непредвидлива штета.

8.4 Одговорност во врска со обврска за склучување на договор

Во ЗОО е пропишано дека : „Лицето кое според законот е обврзано да склучи некој договор, должно е да ја надомести штетата ако на барање од заинтересираното лице без одлагање не го склучи тој договор“. Меѓутоа одбивањето за склучување на договор треба да биде неоправдано бидејќи во случај кога лицето не ги исполнило сите услови за склучување на договор не повлекува одговорност затоа што штетата не претставува резултат на против правно дејствие.

9. Договорна одговорност за штета

Договорната или контрактната одговорност настанува кога штетата е нанесена со повреда на договорените обврски.

Во голем број на современи правни системи договорната одговорност се смета за одговорност не само со прекршување на обврските кои што се договорни, туку и одговорност за прекршување на обврските од облигационите односи без разлика дали се договорни или пак односи од некој друг вид како стекнување без основа или работодавство без налог.

Запазувајќи го хронолошкиот редослед на настаните, на меѓународно ниво може да се зборува за три меѓународни инструменти кои во рамките на својот предмет на уредување помалку или во поголема мера содржат одредби кои ја регулираат договорната одговорност кај меѓународните договори, односно граѓанско-правната одговорност на договорните страни во случај на причинување на штета. Станува збор за следниве меѓународни инструменти: - Виенската конвенција за меѓународна продажба на стоки од 1980 (United Nations Convention on Contracts for the International Sale of Goods) кои се означуваат и со скратеницата CISG - Принципите на UNIDROIT за меѓународни трговски договори од 1994 година (The UNIDROIT Principles of International Commercial Contracts) кои се означуваат и со скратеницата UPICC 1 и - Принципите на европското договорно право кои беа објавени во 1994 година, а веќе во 1999 следуваше нивното прво дополнување. Тие се означуваат со скратеницата PECL.[38]

Под повреди на договорната обврска се подразбира неисполнување на обврската или пак закаснување со исполнување. Со цел лицето да се ослободи од одговорност потребно е да докаже дека неисполнувањето на обврската го сторил поради неможност, односно дека закаснувањето со исполнување било поради околности кои што неможел да ги предвиди, избегни ни пак спречи, ова претставуваат околности кои што се случиле по склучувањето на договорот односно поради виша сила. [39]

[38] Амповска, Марија, Општо за договорната одговорност во правото на ЕУ.
[39] http://www.bih-pravo.org/pravila-ugovornoj-odgovornosti-stetu-t91.html.

Страната која што не го исполнила договорот во случај кога не се работи за причини кои што го оправдуваат тоа неисполнување, должна е да ја надомести нематеријалната штета како и секоја идна штета која што може да се утврди. Висината на износот на штетата која што оштетениот може да ја бара поради неисполнување на обврска, е во висина која што оштетениот ќе го врати најмалку во состојба која страната би била доколку договорот се исполнил. Надоместот ја вклучува обичната штета како и изгубената корист. [40]

Доколку штетата настанала поради намерно неисполнување на обврската односно со намера или пак крајно невнимание, лицето кое што ја претрпило штетата има право на надомест на штета без разлика дали таа штета била предвидлива или не.

За доверителот да добие оштета мора да докаже дека токму неизвршувањето на договорните обврски ја предизвикало штетата, која што тој ја докажува. Доверителот понекогаш има право на надомест на повреда којашто резултра со задоцнување од страна на должникот да ги извршува неговите обврски тука станува збор за затезна оштета.[41]

Одговорноста може да се прошири со договор и тоа за штета која иначе должникот не би одговарал. Не е дозволено исклучување на одговорност од неисполнување на договорот со намера или крајно невнимание, но можно е исклучување на одговорноста со обично невнимание. Можно е однапред да се утврди износот за одговорност за штета во случај на неиполнување на договорот, меѓутоа само ако износот е сразмерно висок со штетата.[42]

Правилата за договорната одговорност се од диспозитивен карактер за разлика од вондоговорната одговорност кои што се со присилен карактер. За да настане договорната одговорност потребно е кај страните да постои деловна одговорност, додека пак кај вондоговорната одговорност потребно е само постоење на деликна одговорност.

[40] Член 8:108 PECL-а. и член 9:502 PECL-а.
[41] Мируел, Фабр-Мањан, Облигационо право- договорот и едностраната обврска, 2007, Септември.
[42] http://www.bih-pravo.org/pravila-ugovornoj-odgovornosti-stetu-t91.html.

10. Вондоговорна одговорност за причинета штета

Обврската да не се нанесува штета на друг може да биде општа и посебна. Општата обврска е онаа која што ја имаа секој правен субјект спрема некој друг субјект, таа нема ни определен должник ни пак доверител (како на пример да се воздржиме од нанесување на телесна повреда на друг) . Посебната обврска е онаа обврска која што ја има определено лице спрема друго определено лице, кај нив имаме определен должник и доверител.

Одговорноста за штета која што настанала со граѓански деликт уште се нарекува и вондоговрна одговорност или пак деликна одговорност. Вондоговорната одговорност настанува без пред тоа да постоел правен однос помеѓу оштетениот и штетникот. Што значи дотогаш помеѓу нив постоел само онај општ однос кој што постои помеѓу сите правни субјекти и кој што се заснова на законската основа за забрана за причинување на штета на друг. ЗОО член 9 : „Секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му предизвика штета“ . По нанесувањето на штетата помеѓу нив се заснова посебен однос која што содржина ја опфаќа должноста да се надомести штетата која што има примарен карактер.

Кај деликтната одговорност можеме да разликуваме субјективна и објективна одговорност, одговорност за себе, одговорност за друг, поделена одговорност како и солидарна одговорност. Правилаата за вондоговорната одговорност се употребуваат секаде каде што нема да се употребат правилаата на договорната одговорност.

Кај вондоговрната одговорност за оштетен се смета секое лице на кое што му е нанесена штета, додека пак кај договорната одговорност оштетениот се нарекува доверител.

Вондоговорната одговорност е регулирана со императивни правни норми и не може да се ограничува или исклучи. Доспеаноста за наплата на надомест на штета кај договорната одговорност е во моментот кога завршил рокот за исполнување на обврската, додека пак кај вондоговорната одговорност е во моменотот на настанување на штетата.

Опсегот на надомест на штета кај вондоговрната одговорност е далеку поголем од договорната одговорност. Кај вондоговорната одговорност штетникот има должност да ја надомести и стварната штета и испуштената корист што значи тука имаме потполна надомест. Исто така кај вондоговорната одговорност имаме и афекциона вредност за надомест на штетата односно надомест за штетата во висина на вредноста на предметот која што ја има оштетениот, таа се досудува во исклучителни ситуации и тоа во случај на неимотна штета. Така според чл. 178/4 од ЗОО, кога стварта е уништена или оштетена со кривично дело сторено со умисла, судот може да ја определи висината на надоместот според вредноста што предметот ја имал за оштетениот. Додека пак кај договорната одговорност опсегот е потесен бидејќи и тука доверителот има право да бара надомест на обична штета и испуштена корист меѓутоа само доколку штетата била претходно предвидена со договор.

11. Вондоговрната одговорност во рамките на Европската Унија

Во рамките на Европската Унија до 2009 година за утврдување кое право ќе биде меродавно во вондоговрната одговорност за надомест на штета беше препуштено на државите-членки. Секоја од нив си имаше посебен систем со кој што се решаваше спорот на судир на судир на законите во рамките на вондоговорната одговорност, како и секоја од нив дефинирањето на вондоговорната одговорност го определуваше со своето материјално право, со цел да даде правна квалификација и да одлучи дали определена одговорност е вондоговорна или не.

Во рамки на Европската унија како правен извор со кој што се регулира решавањето на спорот на судир на законите кај вондоговорната одговорност е Регулативата на Парламентот и на Советот на Европската унија бр. 864/2007 за меродавното право за вондоговорната одговорност (Рим II), што е донесена на 11.7.2007 година. По нејзиното донесување националните правила за решавање на спорот се заменети и сега нивното решавање националните судови го спроведуваат токму според правилата на оваа регулатива. Нејзината употреба е во случај кога настанува судирот на законодавствата од областа на вондоговорната одговорност во граѓанските и трговски работи.

Поимното определување на вондоговрната одговорност во правото на Р.С.Македонија и поимното определување во рамки на правото на Европскта унија е различно. Поимното определување на вондоговорната одговорност во Р.С. Македонија е определена со материјалните прописи содржани во ЗОО, додека пак во правото на Европската Унија не постои правен акт кој што во материјална правна смисла ќе изврши определување на поимот. Секоја од државите членки извршува определување на помот врз својата правна традиција.

Поимното определување на вондоговрната одговорност од страна на Р.С.Македонија сфатена со ЗОО е различна од онаа во рамките на Регулативата бидејќи имаат различна намена и различен карактер. ЗОО претставува основен материјално-правен извор додека пак Регулативата е инструмент за унификација на правата во рамките на Унијата во рамки на судир на законодавствата на вондоговрната одговорност. Р.С.Македонија. Иако Р.С.Македонија не е држава- членка на Унијата, како држава кандидат за членка има превземено обврска за апроксимизација на правото на Европската унија, што значи таа врши процес на унификација на правото со правото на Унијата и хармонизација на правилата за судир на законите кај вондоговорната одговорност.[43]

[43] Научна статија: д-р Дескоски, Тони, д-р Доковски,Вангел, Поимно определување на вондоговорната одговорност во меѓународното приватно право на Европската Унија.

12. Преддоговорна одговорност

Преддоговорната одговорност претставува одговорност за штета што едната страна и ја предизвикува на другата страна кога води преговори за склучување на договор во спротивност со начелотот на совесност и чесност, особено ако ги прекини преговорите во спротивност на начелото или пак ги преговорите ги води без намера да го склучи договорот. Член 22 од ЗОО став 2: „Странката што водела преговори без намера да склучи договор одговара за штетата настаната со водењето на преговорите.““ Како и став 3 од истиот член: „Одговара за штетата и страната што водела преговори со намера да склучи договор, па се откаже од таа намера без основана причина и со тоа на другата страна и предизвика штета.“

Во рамки на правната теорија постојат три пристапи на преддоговорната одговорност:

- Дека во неа треба да се применат правилата на договорната одговорност;
- Во неа да се применат правилата на деликната односно вондговорната одговрност и
- Дека се работи за одговорност од односот на доверба.

Меѓутоа преовладува теоријата дека преддоговрната одговорност претставува посебен облик на одговорност од договорната одговорност и вондоговорната одговрност.

Товарот на докажување е кај оштетениот кој што многу тешко може да докаже потполно отстуство на намерата на преговарачот да склучи договор, бидејќи се преговара со повеќе лица истовремено. Поголема е можноста оштетениот да докаже дека преговарачот го откажал преговарањето без основани причини. Обемот на надомест на штета за прекин на преговорите без основани причини е одреден од трошоците кои што настанале со водењето на преговорите се до моментот на нивно прекинување.

Нашиот правен систем тргнал од становиштето дека несанкционирањето на прекинот на преговори кои за една од страните предизвикува штета, би значело грубо кршење на принципот (neminem laedere). Во оваа смисла е конструиран и (ЗОО, чл. 9) според кој секој е должен да се воздржи од постапка со која може на друг да му причини штета. Во судирот со начелото на автономија на волја и ставот дека преговорите служат токму за да им овозможат на потенцијалните договорни страни да го одберат најповолниот партнер за нив и токму во тој момент без никакви правни последици да ги прекинат претходно водените преговори и да го склучат договорот со друг (што е нормално во современиот меѓународен промет), нашиот правен систем, приоритет во заштитата му дава на принципот „секој е должен да ја надомести штетата која на друг ќе му ја причини со своја вина“ (neminem laedere).

Спротивставеноста на европско-континенталниот систем со англо-саксонскиот систем во поглед на прашањето дали преговорите можат да се прекинат во било кое време без прекинувачот да одговара за причинета штета, произлегува од самото сфаќање на институтот договор и одвивањето на правниот промет во меѓународната продажба. Според начелото neminen laedere, секој е должен да ја надомести штетата која што ја причинил со своето однесување. Ако ова е така, субјектите на правниот промет многу помалку ќе се впуштат во преговори што не одговара на брзиот и масовен правен промет карактеристичен за современиот свет (сметаат англосаксонските земји). Што значи дека предвидените санкции во случај на прекин на преговорите се косат со начелото на автономија кое претставува основа на договорното право.

За разлика од ваквиот став, континенталниот систем тргнува од сфаќањата за правна сигурност во меѓународните трансакции и потребата од надомест на штета предизвикана во текот на преговарачкиот процес.[44]

[44] Д-р Тушевска, Борка, Меѓународно правни аспекти на понудата.

13. Одговорност за друг

Иако во Законот за облигациони односи со членот 141 е наведено дека тој што ќе му причини штета на друг должен е да ја надомести освен ако декаже дека тоа се случило без негова вина во некои случаеви исполнувањето на оваа одредба не е во можност.

Вообичаено лицето кое што ќе ја предизвика штетата одговара за нејзиниот надомест, меѓутоа во некои случаеви кои што се предвидени со ЗОО лицето кое што ја предизвикало штетата всушност не претставува и одговорно лице. Во самиот закон овај вид на одговорност е наречен како „‟Одговорност за друг‟‟‟, и е регулиран во Отсек 3 со членовите 151-156. Самите животни ситуации во кои што не било можно лицето што ја предизвикало штетата да ја надомести довело до креирање на нов облик на одговорност а тоа е одговорност за друг. Која што всушност претставува спротивност на одговорноста за себе.

Одговорност за друг претставува одговорност на лице кое што одговара за штетата која што ја предизвикало друго лице.

Со цел да дојде до одговорност за друг освен општите претпоставки за настанување на одговорност за штета потребно е да постои и посебна претпоставка а тоа е посебен однос помеѓу штетникот и одговорната личност.

Во случај кога штетата ја предизвикала лице кое што не е способно за расудување правниот поредок не може да дозволи оваа штета да остане несанкционирана со таа цел законот определил лица кои што се одговорни за штетата предизвикана од вакви лица.

14. Одговорност за душевно болни лица и лица заостанати во умствениот развој

Како што и претходно споменав за едно лице да биде одговорно потребно е да има и деликтна одговорност. Во случај кога штетата ја предизвикало лице кое што е душевно болно или лице заостанато во умствениот развој не одговара за предизвиканата штетат бидејќи нема деликтна одговорност. Во ЗОО со член 151 став 1 е наведено „За штета што ќе ја причини лице кое поради душевна болест или заостанат умствен развој или поради некои други причини не е способно за расудување, одговара оној кој врз основа на закон, или на одлука од надлежниот орган, или на договор, е должен да врши надзор над него.“ [45] Меѓутоа битно е да се спомене дека доколку лицето кое што не е способно за расудување од која било причина не одговара за штетата што му ја причинило на друг, додека пак во случај кога лицето се наоѓа во преодна неспособност за расудување одговара за штетата освен ако докаже дека во таа состојба се нашол по вина на друг. Во тој случај одговорноста за надомест на штета ја сноси лицето кое што ја предизвикала таа неспособност.[46]

Во случајот кога за штетата е одговорно лицето кое што било должно да врши надзор над тие лице одговара врз начелото на претпоставена вина и товарот на докажување дека нема одговорност паѓа врз нив. Што значи во самиот ЗОО со членот 151 став 2 е наведено дека „ Лицето може да се ослободи од одговорноста ако докаже дека го вршел надзорот на кој е обврзан или дека штетата би настанала и при грижливо вршење на надзорот.“ [47]

[45] Закон за облигациони односи член 151 став 1.
[46] Закон за облигациони односи член 146.
[47] Закон за облигациони односи член 151 став 2.

15. Одговорност на родителите за малолетни лица

За штета предизвикана од малолетник до наполнети 7 години одговараат неговите родители според принципот на објективна одговорност, односно тие одговараат без оглед на вина. Додека пак родителите на деца постари од 7 години за штетета предизвикана од тие деца одговаараат според принципот на претпоставена вина, односно тие можат да се ослободат од одговорност ако докажаат дека штетата настанала без нивна вина.

Според принципот на субјективна одговорност пак одговараат установите како и поедници како што се старател училиште или друга установа, одговаарат за настаната штета освен ако докажат дека надзорот го вршеле на начин на кој што се обврзани и дека и покрај нивниот надзор штетата би настанала.

Меѓутоа постои и можност и покрај родителите или пак установата за штетата да биде одговорен и самиот малолетник. Тука всушност станува збор за солидарна одговорност.

За штетата предизвикана од малолетни лица која што не се под надзор на родителите, а сепак нивното однесување е резултат на лошо воспитување, нивните лоши примери како и лоши пороци сепак одговаараат родителите.

Меѓутоа лицето кое што вршело надзор над малолетникот и исплатило надомест на штета сторена од малолетникот има право да бара надомест од неговите родители.

16. Одговорност на работодавецот спрема трети лица

За да се дојде до избегнување на штетните последици како и на самата штета потребно е лицата да се однесуваат со посебно внимание. Во сите правни системи било да е тоа посредно или не посредно изречена е општата забрана од предизвикување штета спрема други лица, и дека секој одговара за штетата што ќе му ја предизвика на друг. Меѓутоа тука имаме отстапување од тоа правило бидејќи тука станува збор за одговорност за друг. Односно одговорноста ја има друго лице а не лицето кое што ја предизвикало штетата. [48]

Одговорноста на работодавецот спрема трети лица за штета која што ја предизвикал негов работник всушност претставува најчест случај на одговорност за друг.

Работодавецот одговара за штетата која што ја предизвикал неговиот работник во случај кога станува збор за штета предизвикана на работа или во врска со работата. Штетата е предизвикана на работа во случај кога работникот ја предизвикал обавувајќи ги работите, задачите или функциите на своето работно место или пак на место со посебен налог. Додека пак штета во врска со работата претставува штета која што е предизвикана во обавување на работа која што е во тесна врска со редовните работи кои што ги обавува работникот. Како трети лица кои што имаат право да бараат надомест од самиот работодавец се сметаат и останатите вработени кај истиот работодавец.

Друга битна карактеристика е времето на настанување на штетата. Што значи работодавецот одговара за штетата што ја предизвикал неговиот работник спрема трето лице за штета предизвикана на работа или во врска со работа само во времето кога работел кај работодавачот.[49]

[48] Високо судско и тужилачко вијече на БиХ,Модул 7-граѓанска област- Накнада штете,Сарајево, Јануари, 2006 год.

[49] Dr.sci.Slobodan Stanišid, Karakter građanske odgovornosti poslodavaca i pravnih lica za štetu koju tredem licu pričine njihovi radnici odnosno organi.

Тука станува збор за субјективна одговорност, а вината се препоставува и е соборлива. Работодавецот може да се ослободи од вина доколку докаже дека работникот во дадените околности постапил како што требало.

Меѓутоа може да стане збор и за објективна одговорност во случај кога работникот управувал со опасен предмет или опасна дејност.

Битна претпоставка за да настане одговорноста на работодавецот е штетата да настанала на трето лице. Како на пример доколку работникот неовластено се послужил со работната машина која што му е доверена за секојдневно обавување на работите на неговото работно место и во тој случај на пример го пресекол телефонскиот кабел во дворот на сопствената стамбена зграда, не се смета за одговорност спрема трето лице. Бидејќи штетата настанала надвор од работата, задачите и функциите на работникот.[50]

Кога штетата е предизвикана со намера оштетениот може да бара надомест од работодавецот или работникот или двајцата истовремено по принципот на солидарна одговорност. Кога надоместот на штетата е исплатен од страна на работодавецот спрема третото лице и под услов штетата работникот да ја предизвикал намерно работодавецот има право од работникот да бара надомест за тој исплатен износ. Рокот за барање на исплата на надомест истекува за шест месеци од денот на исплатениот износ.[51]

[50] Dr.sci.Slobodan Stanišid, Karakter građanske odgovornosti poslodavaca i pravnih lica za štetu koju tredem licu pričine njihovi radnici odnosno organi.
[51] Облигационо право, опчи део, Правни факултет универзитета у Травнику.

17. Одговорност на работодавецот за штета предизвикана спрема трети лица во споредбеното право

Во правните системи на многу земји претставува прашање со голема важност како и едно од најспорните прашања.

Многу земји како што се Германија, Швајцарија, Австрија, Чиле, Холандија, Уругвај, Колумбија како и Еквадор одговорноста на работодавецот во своите граѓанско правни законици се решава со тоа што се зема принципот на претпоставена вина.

Според германското право одговорноста на работодавачот за штетата која што ќе ја предизвикаат неговите работници е поради неговото невнимателно однесување. Што значи работодавачот одговора за сопственото скриено однесување а тоа е во лошиот избор на работници, во давањето на лоши алати за работа, давањето на упатства како и вршењето на надзор на работнкот. Меѓутоа тука вината не мора да се докажува туку таа се птетпоставува. Според параграфот 831 BGB потребно е да се докажува против-правното однесување на работникот. Што значи нема потреба да се докажува вината на штетникот односно на работникот туку потребно е само да се докаже противправното однесување на работникот со кое што настанала штетата.[52]

На сличен начин е решена и одговорноста на работодавецот и во Швајцарското законодавство.

"Работодавецот одговара за штетата која што ќе ја предизвикаат неговите помошници, службеници и работници во вршењето на работата, ако не докаже дека го употребил целото внимание кое што го барале околностите со цел отстранување на штетата или доколку докаже дека штетата би се случила и покрај потребното внимание."[53]

[52] Параграф 831 BGB пд германскиот граѓански законик.
[53] Член 55 од Швајцарскиот закон за облигациони односи.

“ Работодавачот може да бара надомест на штета од лицето кое што ја предизвикало штетата, во случај кога е одговорно за шетета.“[54]

Стариот граѓански законоик на Полска содржи одредби кои што се однесуваат на одговорноста на работодавецот за штетните дејствија на своите работници и службеници, и чии што правила се однесуваат и на граѓаните и кое гласи: “ Кој што за своја сметка ќе му довери извршување на работи на друго лице кое што е должно да постапува по негови упатства, одговара за штетата која што ќе ја предизвика тоа лице во текот на извршување на тие работи. “[55]

Според членот 444 од Граѓанскиот кодекс на РСФСР (Руска Советска Федеративна Сојузна Република) за штетата предизвикана спрема личноста, или имотот на граѓанинот или организацијата, одговара самиот штетник. Во бившата советска република одговорноста на организациите е регулирано со членот 445 од Граѓанскиот кодекс и гласи: “Организацијата е должна да надомести за штетата предизвикана од нејзините работници во текот на извршувањето на нивните работни обврски.“ Како основ на таа одговорност се смета вината на работникот, ако нема вина работникот организацијата не ја сноси одговорноста. Што значи во советското право товар на одговорноста ја сноси организацијата и единствено од неа може да се побара надомест на штета.

18. Одговорност на правно лице за штета што ќе ја предизвика негов орган

Кај одговорноста на правното лице за штета што ќе ја предизвика негов орган не станува збор за штета што ќе ја предизвика негов вработен како физичко лице, туку тука станува збор за штета предизвикана во врска со обавување на работата или со обавување на своите функции предизвика штета на трет инокосен или на друг колегијален орган на тоа правно лице.

[54] Член 62 пд Швајцарскиот закон за облигациони односи од 1881.
[55] Член 430 од граѓанскиот законик на Полска.

Самите органи на правното лице без разлика дали постапуваат како инокосен или колегијален орган немаат правен субјективитет, што значи неможат да бидат носители на права и обврски во правниот промет, јасно е во случајот кога орган на правното лице ќе предизвика штета спрема трето лице одговара самиот орган.

Како правни лица sui generis се сметаат и државата, републиката, покраина, кантон, град, општина па дури и во некои правни системи и месните заедници, што значи и овие субјекти се носители на права и обврски во правниот промет и со самото тоа можат да бидат одговорни за штетата која што ќе му ја нанесат на трето лице преку своите органи.

Меѓутоа во правната теорија преовладува мислењето дека органите на овие правни лица (државата, општината, покраината, кантон) неможат да се изедначат во функциите и овласутавањата со другите правни лица, па поради тоа одговорноста на органите на овие правни лица не поптаѓа под законската регулираност со одредбата од ЗОО член 158 туку со други уставни и законски одредби.

Со статутот на самото правно лице се определуваат органите, нивните функции и надлежности. Функцијата на самото правно лице претставуваа низа на работи кои во одредени околноси можат да доведат до предизвикување на штета спрема трети лица.[56]

[56] Dr.sci.Slobodan Stanišid, Karakter građanske odgovornosti poslodavaca i pravnih lica za štetu koju tredem licu pričine njihovi radnici odnosno organi.

ЧЕТВРТ ДЕЛ: Поим и видови надомест на штета

1. Поим за надомест на штета

Според предходните излагања, заклучивме дека штетата се јавува во секоја онаа ситуација кога едно лице (штетник), на друго лице (оштетен), со противправно дејствије ќе му причини одредена штета, истата треба да ја надомести. Со штетата се врши повреда врз имотот или врз личноста на ошштетениот, па така како последица се јавува потребата штетикот да му ја надомести штетата, како еден вид отстранување на последицата.

Врз основа на ова може да се заклучи дека постојат неколку видови надоместувања на штета:

- Материјален надомест (натурална реституција);

- Парична реституција и

- Нематеријален надомест (сатисфакција).

Во нашиот правен систем а исто така и во многу други правни системи важи принципот дека штетата може да се поправи со враќање во поранешна состојба односно со натурална реституција, доколку тоа не е можно се пристапува до еквивалентот на натуралната реституција а тоа е надомест на штета како и третиот вид на поправување на штетата а тоа е сатисфакција.

Натурална реституција- претставува враќање во поранешна состојба, односно воспоставување на состојбата на стварта која што била пред да се случи штетата. Има три вида на реституција и тоа: Индивидуална реституција која што значи враќање на истиот предмет (на пример враќање на предметот кој што бил одземен). Вториот вид е генерична реституција а тоа е давање на заменливи предмети на местото на тие што биле одземени или пак оштетени (во еднаков квалитет и количина од одземените предмети). Третиот вид е реституција во вид на трошоци. Иако се однесува во давање на пари за поправување на предметот сепак тоа не претставува надомест на штета бидејќи оштетениот го добива назад предметот во состојбата која што се наоѓал пред оштетувањето. Во принцип натуралната реституција се врши само кога тоа е можно.

Фактичкна неможност претставува кога пропаднал индивидуално определен предмет. Правна неможност постои кога враќањето во претходната состојба би значело и повреда на позитивно правните прописи.

Во случаите кога натуралната реституција не е можна ќе дојде до надомест на штетата. Во нашиот правен систем постои задолжителност на реституцијата што претставува дека штетата првенствено и задолжително се поправа со натуралната реституција.

Меѓутоа во праска паричниот надомест се јавува многу почесто од натуралната реституција и тоа поради практични причини (воспоставувањето во претходна состојба не секогаш е можно а извршувањето на паричната надомест е едноставна).

Надомест на штета- претставуа вид на поправање на штетата кој што се состои во паричен еквивалент. Под обем на надоместот на штета се подразбира збир на цела штета која што се случила поради некое штетно дејствие. Тука спаѓаат обичната штета и испуштената корист, како и трошоците направени поради намалување или отстранување на штетните последици како и каматата на износот на надоместокот. Висината на надоместот на штета можат да го определат по договор штетникот и оштетениот, меѓутоа во случај кога неможат да дојдат до споразум висината на надомест на штета ја определува судот со пресуда.

Во извесни ситуации постои комбинација од натурална реституција и паричен надомест. Тоа е во случај кога целосна реституција не е можна, па останатата штета штетникот ја надоместува со определен паричен надомест.

Сатисфакција – претставува облик на поправање на штетата која што му се признава на оштетениот како определено субјективно задоволување. Има два вида на сатисфакција и тоа парична сатисфакција и морална сатисфакција. Моралната (непарична) сатисфакција се состои во објавување на пресуда, објавување на поправување на грешката, отповикување на изјавата или навредата или пак со било што друго со кое што може да се постигне поправка на штетата. Паричната сатисфакција претставува надомест на штета кога на оштетениот му се дава определен паричен износ со цел на субјективно задоволување.[57]

[57] http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-nematerijalna-shteta/.

2. Обем на надоместување на штета

Во буржоарското право, надоместокот на штета од страна на судот се определувал арбитрерно, односно по слободна оценка, каде судиите самостојно, без мислење на вештаци и докази, го определувале износот на надоместот. Но тоа не е случај во современото облигационо право, каде што надоместокот на штета е еднаков на причинетата штета. Оштетениот има право на надомест како на обичната штета, така и на надомест на испуштената корист.

3. Еквивалентност помеѓу штетата и надоместувањето

Надоместокот на штетата треба секогаш да одговара на самата штета, бидејќи нејзина основна цел е отстранување на штетните последици од штетното дејствие на штетникот.

Колкав ќе биде обемот за надомест на штета ќе зависи од самиот вид на штетата и истиот го определува судот. Но тој исто така може да досуди помал обем на надомест во ситуација кога штетникот ја направил штетата без намера, или со крајно невнимание, односно кога во обзир би ги зел условите со кои може да се исклучи противправноста за надомест на штета или пак во ситуација доколку надоместокот би ја загрозил егзистенцијата на штетникот.

4. Учество на оштетениот во причинување на штетата

Во ситуација кога оштетениот со своето дејствување учествувал во причинетата штета, тогаш од вкупниот износ за надомест на штета се одзема делот на оштетениот. Тој може да учествува во причинувањето на штетата директно или индиректно (кога нема да преземи мерки со цел да спречи зголемување на штетата или неизвестување, односно кога нема да го извести штетникот за одредени својства на стоката).

5. Субјект кој врши надомест на штетата

Во најголем број на случаеви во праксата, штетата се надоместува од страна на штетникот, но не изостануваат и ситуациите каде тој надомест се плаќа од страна на осигурителните компании. Во одредени ситуации каде постојат поголем број на штетници, штетата ја надоместуваат сите солидарно, а доколку може да се утврди кој колку придонел во штетата, тогаш секој штетник ќе си го надомести својот дел. Но најчесто во пракса секогаш се оди кон солидарна, подеднаква одговорност.

6. Видови на надомест на штета

Како начин со кој што можеме да определиме вид на штета може да биде според карактерот на повреденото добро, а според тоа имаме надомест на материјална и надомест на нематеријална штета. Исто така постојат и надомест на стварна штета како и надомест на идна штета. Секој вид на штета има свои видови како и подкатегориии како и свои карактеристики. Во нашиот Закон за облигациони односи само во еден дел се обработени некои видови на надомест на штета, додека пак другите видови настанале со текот на судската пракса како и по углед на модерните странски законодавства.[58]

Поради тоа во овај труд ќе се обработат видовите на надомест на штета кои што се јавуваат при собраќајна несреќа како и видовите на надомест на штета кои што се доминантни во барањата на оштетените лица.

[58] http://naplatastete.com/naknada-stete.php.

7. Материјална штета и надомест на материјална штета

Материјалната штета претставува намалување на нечиј имот (обична штетаdamnum emergens) или пак спречување на негово зголемување(испуштена корист - lucrum cessans). Кога се имаат во предвид двата вида на губиток штетата всушност претставува диференција која што се појавува кога ќе се споредат состојбата на имотот на оштетениот по настанување на штетното дејствие и состојбата на имотот која што би била доколку не настанело тоа штетно дејствие.

Од друга страна пак материјалната штета може да се појави како парична штета и непарична. Непаричната штета всушност претставува штета на ствари и се состои во оштетување или уништување на стварите. Додека пак паричната штета се состои во губење на определена сума на пари или пак неостварено зголемување на имотот на оштетениот за определена сума на пари. Непаричната штета може да биде трансформирана во парична и тоа на пример со плаќање на определа сума на пари од страна на штетникот со цел да оштетениот ја отстрани штетата од стварта.

Како класичен пример за стварна штета може да се земе и оштетувањето на возилото. Кај оштетениот доаѓа до намалување на економската вредност на возилото и до намалување на имотот на оштетениот со поправката или замената на возилото. Идната штета во врска со возилото се состои во неможноста да се користи тоа возило и оштетеното лице поради ангажирање на друго возило има определени трошоци, кој по редовен тек на работите не би биле доколку не дошло до оштетување на возилото. Исто така оштетеното лице поради неможност за користење на возилото не може да оствари редовен приход или очекувана добивка која што е условена со користење на тоа возило. Како типичен пример тука може да се земе таксисто кој што поради оштетување на возилото и времето кое што е потребно за негова поправка неможе да остварува редовен приход. Како вид на идна штета оштетеното лице исто така трпи и стварна штета во вид на плаќање на даноци и други давачки за цело време на некористење на оштетеното возило.[59]

[59] http://naplatastete.com/naknada-stete.php.

Во зависност од разликите кои што постојат помеѓу наведените видови на материјална штета влијаат врз правилата за надоместокот на материјалната штета. [60]

Постојат различни појавни видови на материјална штета и тие по правилно многу не се разликуваат во правните системи. Како основна цел на европското законодавство е унификација на императивните норми кои што го регулираат институтот надомест на штета. Нашето право во голем број на случаеви пробува да ги стигне нашите Европски соседи, меѓутоа тоа често е безуспешно а како основно оправдување го наоѓаме економската заостанатост и сиромаштвото.

Во поглед на надоместокот на материјалната штета со Законот за Облигациони односи пред се е регулирано со одредбата која што вели : "Одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата". Може да се каже дека оваа законска одредба не само што го објаснува обликот на надомест туку и обемот на надомест.

Битно е да се напомене дека цел на граѓанско правната одговорност не претставува враќањето во претходна состојба само по себе, туку целосно отстранување на штетата а тоа значи доведување на имотот на оштетениот во онаа состојба која што би се наоѓал доколку штетата не настанала и тоа како во поглед на пазарната вредност така и во поглед на употребната вредност. Додека пак воспоставувањето на претходната состојба би значело враќање на состојбата на имотот што била пред да настане штетата. Исто така и тука се има во предвид враќањето на пазарната вредност и употребната вредност.

Натуралната реституција и паричниот надомест претставуваат два вида на надомест на материјалната штета. Натуралната реституција одговара на штета на ствари или непарична материјална штета. Додека пак паричниот надомест одговара за парична штета. Паричниот надомест всушност претставува паричен износ изразен како вредност на главната штета и камата за задоцнување со исплата на паричниот долг. Натуралната реституција или надомест во натура преставува природно обновување на уништената или изгубената вредност и нејзини најчести облици се поправка на

[60] Редовен професор д-р Мијачиќ, Мирса, Облици накнаде штете.

оштетената ствар или пак замена на оштетената ствар. Поправката на оштетената ствар претставува воспоставување на функцијата која што ја имала стварта пред настанување на штетата и пред се и ја враќа употребливата вредност.

Како определен вид на парична реституција може да се смета и во случај кога штетата преставува паричен износ тогаш надоместокот е исто така во пари. Во случај кога штетата е во странската валута, надоместокот исто така се врши во странска валута.

Иако во некои случаеви натуралната реституција се изедначува со враќање во поранешна состојба сепак претставуаат различни поими. Исто така во некои случаеви натуралната реституција се поклопува со враќањето во претходна состојба во случаеви кога е можно целосно отстранување на штетата. Во случаевите кога има штетата се состои од само обична штета тогаш можно е со враќање во поранешна состојба да се дојде до целосен надомест. Меѓутоа во пракса не се случува често штетата да се надоместува според формулата натурална реституција=враќање во поранешна состојба = целосен надомест, што значи постојат голем број на отстапувања.

Кога станува збор за надомест на материјалната штета како битен елемент кој што треба да се истакни претставува тоа што нештото кое што се дава или се чини со цел да се надомести штетата треба фактички или економски да претставуа замена за оштетената ствар. Што значи замената да претставува евивалент на загубата, и не е цел оштетениот да стане побогат или посиромашен од тоа што би бил доколку не ја претрпел загубата.

Кога станува збор за непарична материјална штета неминовно е да се напомене дека оштетениот може сам да ја отстрани штетата со воспоставување на претходна состојба уште пред судската одлука или може тоа да го стори после судската одлука, во двата слуачаеви може од судот да бара паричен износ.

Како што е наведено во самиот закон: „Оштетениот има право на надомест на обичната штета, така и на надомест на испуштената корист. Висината на надоместот на штетата се определува според цените во времето на донесувањето на судската одлука, освен ако нешто друго не е уредено со закон.“[61]

[61] Закон за облигациони односи член 178 став 1 и став 2.

Обемот на надоместокот ќе биде определен од страна на судот во висина која што е потребна со цел материјалната ситуација на оштетениот да се доведе во онаа состојба во која што би се наоѓал доколку воопшто не настапила штетата.[62]

Во слуаите кога штетникот е во лоша материјална состојба иисплатата би го довела до оскудност а штетата која што му ја нанел на оштетениот не била нанесена со намера или невнимание судот може да ја намали висината на надоместокот во споредба со износот кој што би изнесувала штетата.[63]

7.1 Определување на висината на надомест на штета спрема вредноста која што ја имала стварта за оштетениот

Според законот за облигациони односи судот може да определи штетникот да плати надомест за шетета во висина која што предметот имал вредност за оштетениот во случај кога штетата ја нанел со кривично дело со умисла. Како последица што штетникот штетата ја нанел со кривично дело со умисла претставува можноста судот да му досуди повисок надомест од онај што би му бил досуден во редовна постапка.[64] Всушност оваа и претставува единствената одредба во ЗОО во кој што всушност се користи зборот умисла. Всушност законодавецот во граѓанскоправна смисла вината ја степенува со намера, крајно невнимание и невнимание.

Намерата да се нанесе штета не претставува услов за субјективното определување на штетата. Субјективното мерило ќе се определи доколку штетникот го уништил или оштетил предметот со умисла.

Во принцип судот ја определува висината на надоместокот според цената што стварта ја има на пазарот за секој иста таква ствар со исти таков квалитет во времето пред настапување на шетата, и тоа спрема цени во време на донесување на пресудата. Меѓутоа судот прави исклучок од ова правило и во случаеви на штета предизвикана со кривично дело со умисла ја досудува вредноста на стварта што ја има за оштетениот во моментот пред нанесување на штетата.

[62] Закон за облигациони односи член 179.
[63] Закон за облигациони односи член 180.
[64] Закон за облигациони односи член 178 став 4.

Субјективната имотна вредност на стварта претставуваа онаа вредност која што стварта ја има лично за оштетениот. Меѓутоа тука не се мисли на неговата сентиментална вредност. Туку се мисли на економската вредност што стварта ја има за оштетениот. Субјективната вредност за оштетниот не може да биде помала од пазарната вредност, бидејќи пазарната цена е онаа вредност која што стварта ја има секој. Ако стварта за оштетениот претставува дел од економска целина со други ствари од оштетениот тогаш за него субјективната вредност на стварта е поголема од реалната пазарна вредност. Ако преостанатите ствари ја губат економската вредност без оштетената ствар тогаш таа претставува посена субјективната вредност за оштетениот.

Услови за определување на надоместот според субјективниот карактер се:

1) оштетениот да претрпил стварна штета во облик на уништување или оштетување на некоја ствар која му припаѓа,

2) стварта да е е уништена или оштетена со кривично дело со умисла и

3) да се исполнети условите за засновање на граѓанско правна одговорност за штета.

Меѓутоа за определување на субјективниот критериум за судот постоењето на кривичното дело со умисла претставува прејудицијален спор. Парничниот суд е врзан за одлуката што ќе ја донесе кривичниот суд. Со други зборови кога постои правосилна осудувачка или ослободувачка пресуда донесена од кривичниот суд , парничниот суд неможе самостојно да одлучува во врска со постоењето на кривичното дело туку е должен да постапува според неа. Правосилната осудувачка пресуда од кривичниот суд го обврзува парничниот суд да го истражи субјективниот карактер, односно да утврди дали стварта имала посебна вредност за оштетениот.

Сепак парничниот суд може да одлучи за постоењето на кривичното дело како претходно прашање во парничната постапка и тоа во случај кога тоа не е решено со правосилна одлука од кривичниот суд, меѓутоа може да почека одлуката да биде донесена во кривичната постапката која е во тек.

Во некои случаеви на пример кога заснованоста на тужбеното барање во парничната постапка зависи од кривичната пресуда, парничниот суд е врзан за осудувачката пресуда, додека пак за ослобудувачката не е обврзан. Таков пример е кога едно животно случување доведува до поведување на парнична и кривична постапка. Ако

штетникот предизвика несреќа со поминување на црвено светло на семафорот, тогаш парничниот суд е врзан за утврдените околности во врска со тоа случување, кое е содржано во осудувачката правосилна пресуда.[65]

7.2 Надоместување на материјална штета во случај на смрт, тежок инвалидитет, телесна повреда и оштетување на здравјето

Обврска за материјален надомест на штета постои секогаш кога одредено лице со своето противправно дејствие ќе предизвика смрт, телесна повреда или оштетуање на здравјето на друго лице/ца.

- Надомест на материјална штета причинета со смрт или тежок инвалидитет

Овој вид на надомест на материјална штета зависи од тоа дали смртта е непосредна последица од штетното дејствие која настапила веднаш по извршувањето на тоа дејствие (на пр. некој стрелал со пиштол во некое лице и веднаш го усмртил), или таа настапила извесно подолго или пократко време по извршувањето на тоа дејствие, а како негова последица (на пр. некој стрелал од пиштол во некое лице, го ранил и тоа лице по извесно време умрело од добиената рана)[66]

Во првиот случај штетникот има обврска да ги надомести трошоците за погреб (вообичаени трошоци), а во вториот трошоците за лекување (за лекување на повредите направени од страна на штетникот).

Со смртта може да биде причинета имотна штета која се состои во издатоците направени за погреб на починатиот, како и во губитокот на издршката за лицата, за кои починатиот бил должен да ги издржува. Таквата имотна штета се надоместува по општите правила за надоместување на штета во обем и во висина што се утврдуваат во секој конкретен случај во зависност од дадената конкретна ситуација.

Кај нас обичаите според кои се погребуваат луѓето се сосема различни, што произлегува од различните националности и различните вероисповести на кои

[65] Доцент д- р Каранкич Мирич , Марија, Правен факултет, Универзитет Белград, Научен труд.
[66] Проф. Д-р Поп Георгиев Д., Облигационо право, Култура, Скопје, 1985 година.

припаѓаат, од различноста на социјалната средина каде што тие живеат итн. Притоа судот не треба тие трошоци да ги определеува според своите мерила и сфаќања, туку според мерилата и сфаќањата на тие средини особено оние од кои потекнува починатиот, во кои живеел и во кои ќе биде погребан, тој треба особено да води сметка за желбите и сфаќањата на роднините на починатиот, а во прв ред на они кои починатиот го погребале, бидејќи во најголем случај тие починатиот го погребуваат на вообичаен начин – т.е водејќи сметка за тоа од страна на роднините, пријателите и определената средина да не се стави забелешка на начинот на погребот на починатиот.[67]

Во вообичаени погребални трошоци се опфатени надгробниот споменик, набавка на црнина за најблиските на починатиот, трошоците за парастос се утврдуваат врз основа на тоа колку реално се направени за учесниците на погребот. Во трошоци спаѓаат и трошоците за лекување од моментот на повредите, па се до смртта кога повредениот подлегнал на истите, како и трошоци за лекување, но и трошоци кои ги направиле неговите блиски кои го посетувале во болница и испуштената заработувачка.

Во ваквите ситуациии каде штетата е манифестирана како смрт на одредено лице, како оштетени се јавуваат брачниот другар на умрениот и неговите најблиски лица. Сето ова е определено со ЗОО, и тоа во случај на смрт или тежок инвалидитет на некое лице, судот може да им досуди на членовите на неговото потесно семејство (брачен другар, деца и родители) справедлив паричен надоместок за нематеријалната штета.

Исто така обврска на штетникот е да го издржува лицето кое било редовно издржувано од страна на умрениот. Ако станува збор само за повремено помагање во тој случај тоа лице нама право на надомест.

- Надомест на материјална штета причинета со телесна повреда или со нарушување на здравјето

Овој вид надомест на штета се однесува на надомест на трошоците за лекување како што се на пр. за лекови, болнички квитанции, одредени помагала кои треба да ги

[67] Проф. Д-р Чавдар К., Доцент Д-р Чавдар К, Закон за облигационите односи - коментари, објаснувања и предметен регистар, Академик, Скопје, 2012 година.

набави оштетениот, односно се зависи од видот на телесната повреда или нарушување на здравјето.

Во ситуација кога лицето ќе е повредено и истото ќе се лекува во болница, во периодот кога тој нема финансиски да придонесува во семејството, таа финансиска загуба ќе ја надомести штетникот. Во ситуација пак кога тоа лице издржувал некој, или во крајна инстанца доколку тоа лице почини, а имал обврска да издржува одредено лице/ца, тогаш штетникот е должен да плаќа за таа издршка.

Кога надоместувањето на штетата причинета со телесна повреда или нарушување на здравјето на оштетениот му се дава во вид на парична рента, таа рента во случај на спор ја утврдува надлежен суд, но судот исто така може да ја зголеми висината на таа рента за во иднина на барање на оштетениот, или да ја намали односно укине на барање на штетникот, ако позначително се изменат околностите што судот ги имал предвид при донесување на својата поранешна одлука.

Со ЗОО се предвидува дека „ Тој што на друг ќе му нанесе телесна повреда или ќе му го наруши здравјето, должен е да му ги надомести трошоците околу лекувањето и другите потребни трошоци во врска со тоа, како и заработката загубена поради неспособноста за работа за време на лекувањето. Ако повредениот поради целосна или делумна неспособност за работа ја загуби заработката, или потребите му се трајно зголемени, или можностите за негово натамошно развивање и напредување се уништени или намалени, одговорното лице е должно да му плаќа на повредениот определена парична рента, како надомест за таа штета.“[68]

[68] ЗОО, член 184, ст.1 и 2.

7.3 Надомест на материјална штета во случај на повреда на честа и ширење невистинити наводи

Навредата претставува недозволена усмена или пишана изјава со вистинита содржина или шпекулација, допир на телото или друго дејствие со кое се изразува негативен вредносен суд за одредена личност, односно омаловажување и сл., што има за последица омаловажување или непочитување на тоа лице.

Тогаш кога одредено лице ќе ја повреди честа или ќе шири невистинити наводи за друго лице, тој има обврска да ја надомести таа материјална штета.

Повредата на честа и невистинитите наводи се причинуваат на тој начин што се изнесуваат лажни информации и се дава погрешна слика за оштетениот, односно се изнесуваат невистинити работи за минатото, знаењето, способноста и сл. Тие невистинити наводи можат да и бидат соопштени на јавноста преку најразлични начини, почнувајќи усно, во пишана форма преку социјални мрежи, јавни медиуми и др. Поради сето тоа оштетениот може да претрпи низа на негативни работи во животот, каде може да остане без работното место, без бизнисот кој го води во тоа време (на пр. одредено лице има ресторан, но за него се зборува дека тргува со наркотични средства, или дека храната која ја служи содржи штетни супстанци по здравјето, или дека не се придржува до санитарните услови, па така сите го одбегнуваат истиот со што како резултат на тоа му се намалува заработката).

Тој што на друг ќе му ја повреди честа како и тој што изнесува или пренесува невистинити наводи за минатото, за знаењето, за способноста на друго лице или за нешто друго, а знаел или би морал да знае дека се невистинити и со тоа му причини материјална штета, должен е да ја надомести. За причинетата штета не одговара оној што ќе соопшти нешто невистинито за друг незнаејќи дека е тоа невистинито, ако тој или оној кому тоа му го соопштил имал во тоа сериозен интерес.[69]

[69] ЗОО, член 187, ст.1 и 2.

8. Надомест на нематеријална штета

Надоместот на нематеријална штета претставува институт кој што многу често се среќава во судската пракса. Според ЗОО нематеријалната штета претставува штета предизвикана со повреда на личните права. Како лични права, во смисла на овој закон, се подразбираат правата на живот, телесно и душевно здравје, чест, углед, достоинство, лично име, приватност на личниот и семејниот живот, слобода, интелектуално творештво и други лични права. Правните лица ги имаат сите наведени лични права, освен оние кои се врзани за биолошката суштина на физичкото лице, а особено правата на добар глас и углед, назив односно фирма, деловна тајна, слобода на претприемништво и други лични права на овие лица.[70]

Во судската пракса често нематеријалната штета предизвикува тешкотии во нивното решавање а причината поради тоа е што вредностите многу тешко можат се определат во пари, а поради тоа се доведува во прашање непристрасноста на судовите.

Исто така оваа тема може да се огледа во се почестото обраќање на носителите на јавни функции кои што во вршењето на својата работа често се критикувани, а тоа допринесува до тоа тие да почуствуваат повреда на честа и достоинството.

Надомест на нематеријалната штета преку правичен паричен надомест често во судската пракса се нарекува сатисфакција или задоволување на нанесената штета.

Како облици за надоместување на нематеријалната штета според ЗОО се предвидени нематеријалниот надомест односно моралната сатисфакција и материјално надоместување на нематеријална штета и тоа преку правичен паричен надомест. Надоместокот на нематеријаланата штета е предвиден и можен само во случаите кои што се правно признати односно кои што се законски таксативно наброени во Законот за облигациони односи и во други закони. Само во Законот за облигациони односи е наведено е определен обликот на надомест на нематеријалната штета, а во другите закони во кои што се среќава надоместот на нематеријална штета одредбите им се применуваат во сооднос со одредбите со Законот за облигациони односи.

[70] http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-nematerijalna-shteta.

Како лица кои што имаат право да бараат надомест на нематеријална штета се: физички и правни лица кои што претрпеле повреда на личните права, брачниот другар, децата и родителите на оштетеното лице во случај на смрт или тежок инвалидитет, браќата и сестрите, бабите и дедовците, како и вонбрачниот партнер доколку помеѓу нив постоела трајна заедница и родителите на зачнатото, а не родено дете.[71]

Надоместот на нематеријална штета не е можно да се изврши со враќање во претходна состојба, ни пак паричниот надомест како еквивалент за оштетеното добро, поради тоа поправката на нематеријалната штета се врши преку морално и материјално задоволување.

Бидејќи секоја потешка повреда на личните права на физичките лица има за последица физичка, психичка болка или страв и иако истите повеќе не претставуваат дел од поимот на нематеријална штета претставуаат битни елементи за проценка на тежината на самата повреда и влијаат врз правото на правичен надомест како облик за поправање на штетата.[72]

Надоместот на нематеријалната штета може да се бара само за дозволените облици на нематеријална штета. Во таа смисла, на пример во случај на повреда на репутацијата на една личност оштетеното лице може да бара паричен надомест за претрпените физички или психички болки или страв поради повреда на угледот, честа, слободата, приватноста или може со еден збор да се каже општите права на личноста. Со таа цел судот при неговото одлучување за барањето на надоместокото на нематеријалната штета, висината на надоместокот, ќе внимава на значењето на оштетеното добро и целта за која што служи таа надомест. Судот откако ќе утврди дека дошло до повреда на правата на личноста, односно репутацијата мора дополнително да утврди дека како последица на таа повреда оштетниот претрпел физичка или психичка болка или страв.

[71] М-р Радевска, Марија, Критериуми за утврдување на нематеријална штета во нашето и спордебеното право, Правен факултет Штип.
[72] 8D-r MAJA BUKOVAC PUVAČA, Deset godina nove koncepcije neimovinske štete Zb. Prav. fak. Sveuč. Rijeka. (1991).

8.1 Надоместување на нематеријалната штета преку морална сатисфакција

Во случај на повреда на личните права доколку може да се постигне целта која што се постигнува со правичниот паричен надоместок со определено морално задоволување или сатисфакција по правило тоа треба да се изврши на тој начин. Нематеријалното надоместување на нематеријалната штета се извршува со објавување на пресудата или исправка, повлекување на изјавата со која што е сторена повредата или нешто друго со што може да се постигне целта. Што значи оштетениот може да бара а судот да досуди објавувањето да биде на трошок на штетникот.

Од правните прописи може да се заклучи дека моралната сатисфакција на нематеријална штета на трошок на штетникот може да се оствари како:

- Објавување на граѓанска или кривична пресуда ;
- Објавување на исправка на изјавата на штетникот ;
- Повлекување на изјавата со која што е предизвикана штета врз правата на личноста и
- Преземање на други дејствија како на пример јавно извинување, покајувње на штетникот и слично.[73]

Меѓутоа во судската пракса примерите за примена на оваа законска можност се ретки. Но во секој случај судот може да досуди објавување на пресудата, односно на исправката за повлекување на изјавааата или пак јавно да ја повлечи изјавата со која што е сторена повредата. Што значи доколку оштетениот се изјасни дека целта на надоместокот на нематеријалната штета ќе биде постигната и без досудување на паричен надоместок. Повлекувањето на изјавата со која што е предизвикана штетата можна е кога таа се однесува на определени факти а не во случај кога тоа за личноста претставува вредносен суд за таа личност за која вредносниот суд предизвикал омаловажување на личноста.

[73] Abedin Bikid: Naknada neimovinske štete de lege lata i de lege ferenda Godišnjak Pravnog fakulteta u Sarajevu, LII – 2009.

Може да се каже дека како специфичност кај нематеријалната штета е тоа што кај нејзиното поправување може да му се дозволи на оштетениот сам да избери на кој начин штетникот ќе му ја надомести штетата, со што би се довело до задоволување на оштетниот. Тоа е и логично со самото тоа што може да се каже дека само оштетниот ја чуствува предизвиканата штета и само тој го чуствува нејзиното надоместување. Објавата на пресудата, исправката како и повлекувањето на изјавата со која што е предизвикана штетата не претставуваат соодветен избор за надомест на штета за секој оштетен.[74]

Носителите на јавни функции се најчест пример за јавна критика, нивната работа и нивното однесување привлекуваат внимание и тие се често мета на критики односно јавно искажување на мислење за нивното работење. Како меѓународно признати документи кои што се од особено значење поради утврдените критериуми на дозволените критики на носителите на јавни функции тие се гарантираат во правото на слободно изразување предвидено во чл. 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права. Тоа и претставува и посебно значење всушност за нашиот правен систем посебно и за надоместокот на нематеријалната штета преку моралната сатисфакција со ратификацијата на Европската конвенција на човековите права како и судската пракса на Европскиот суд за човекови права од Стразбург. Нивото на прифаќање на критика кај носителите на јавни функции треба да биде поголемо, меѓутоа не смеат да се преминат границите во однос на угледот ии правата на јавната личност што значи судот секогаш треба да проценува дали се преминати прифатливите граници на критика. Судот секогаш при досудување на надоместокот на нематеријална штета треба секогаш да ја има во предвид судската пракса на Европскиот суд на човекови права.

[74] D-r MAJA BUKOVAC PUVAČA, Deset godina nove koncepcije neimovinske štete Zb. Prav. fak. Sveuč. Rijeka. (1991).

8.2 Надомест на нематеријална штета преку правичен паричен надоместок

Правичниот паричен надоместок како облик на надомест на нематеријална штета претставува исплаќање на определена сума на пари како сатисфакција за претрпената нематеријална штета. Иако парите не преставуваат еквивалент за уништените или повредените добра, можат на оштетеното да му предизвикаат послесно опоравување од душевната криза предизвикана со повредата. Што значи паричниот надомест не претставува надомест во вистинска смисла на зборот туку начин за намалување на штетните последици . Правичниот паричен надоместок се нарекува материјално задоволување односно сатисфакција на оштетениот со функција на поправка на таа врста на штета.

Меѓутоа како главен проблем при досудувањето на правичен паричен надоместок како надоместок за нематеријална штета претставува утврдувањето на висината на паричниот надоместок што значи нематеријалната штета не е проценлива во пари. Бидејќи не постојат објективни критериуми по кои што судот може да се води при определувањето на нематеријалната штета односно при определување на паричниот еквивалент на повредата која што ја претрпел, судот мора да се води преку сопствена слободна оцена. Во судската пракса во Република Северна Македонија како последица на непостоењето на тие објективни критеруми имаме пример на различно досудени парични износи по исти основ. Меѓутоа Врховниот суд на РСМ со усогласување на судската пракса ги усмерува пониските судови на единствена примена на законите.

При определување на надоместокот на нематеријалната штета може да се користат два критериуми и тоа:

- Објективен (апстрактен) и
- Субјективен (конкретен).

Објективниот критериум при определување на нематеријалниот надомест во предвид ги зема просекот, односно сличните случаеви. Додека субјективниот критериум ги утврдува сите околности како и специфицности на самиот случај. И двата критериуми имаат свои позитивни и негативни страни па поради тоа ретко се користи само едниот

критериум, што значи нивната примена најчесто е комбинирана со цел пресудата да може да биде праведна.[75]

Правната теорија смета дека во случаите кога нематеријалната штета не може да се надомести со исплаток на паричен еквивалент на повреденото или уништеното нематеријално добро, му се исплаќа правичен паричен надоместок со цел да си набави некое добро со кое што полесно ќе ја прифати или преброди состојбата во која што се наоѓа поради претрпените штетни дејствија.

Како битен елемент на надоместокот на нематеријалната штета било преку морална било преку материјална сатисфакција претставува тоа што во повеќето случаеви се остварува превентивната функција преку самото признавање на правата на оштетениот повеќе од фукнцијата на поправање на штетата.

Во претходната концепција на нематеријалната штета, кога нематеријалната штета претставуваше нанесување на физичка или психичка болка или страв прашањето за функцијата на правичниот паричен надоместок не идеше толку до израс. По измените откако во нематеријалната штета спаѓаат сите повреди на правата на личноста, и се признати и оние повреди кои што не предизвикуваат страв и болка и со овозможувањето на досудување на правичен паричен надоместок и на правните лица може да се каже дека со функцијата на правичниот паричен надоместок не се смета за исклучиво задоволување на оштетениот.

Задоволувањето односно сатисфакцијата претставува термин кој што се употребува за означување на целта на два начини на поправка односно надомест на нематеријална штета. Тоа што е враќање во поранешна состојба кај материјалната штета, тоа претсатвуа сатисфакцијата кај нематеријалната штета. Како примарна цел на надоместокот на нематеријалната штета претставува давањето на оштетениот некој вид на сатисфакција. Тежината на повредата на правата на личноста претставува клучна околност во утврдувањето односно досудувањето на правичниот паричен надоместок и неговата висина.

[75] D-r MAJA BUKOVAC PUVAČA, Deset godina nove koncepcije neimovinske štete Zb. Prav. fak. Sveuč. Rijeka. (1991).

Во правната теорија правото на паричен надомест на нематеријална штета било спорно и довело до две различни стојалишта. Едното стојалиште е негативното стојалиште и тие се против паричниот надоместок, додека пак другото стојалиште се за паричниот надоместок и претставува позитивно стојалиште.

Прифаќачите на негативното стојалиште како причини против паричниот надоместок во нематеријалната штета ги наведуваат:

- Кај предизвиканата нематеријална штета неможе да се воспостави враќање во претходна состојба на повредата на личните права, па давањето на паричен надоместок претставуа стекнување, наместо надомест ;

- Болката неможе да се утврди во пари, бидејќи нема економска вредност. Што значи парите и болката се две инкомпатибилни ствари ;

- Не е возможно да се утврди висината на нематеријлната штета, бидејќи тоа претставуа внатрешен интимен феномен ;

- Со нематеријлната штета се повредуваат моралните вредности на човекот кои што не би смеело да се изразуваат во пари и

- Повредата на правата на личноста успешно се заштитени со кривичното право.

Додека пак прифаќачите на позитивното стојалиште како причини кои одат во прилог на паричниот надоместок ги наведуваат:

- Паричниот надомест не претставува цена за болката која што се трпи, бидејќи оштетениот не врши доброволна размена на повредените лични права за пари. Тој претставува жртва на една активност која што во мала или голема мера го прави несреќен, предизвикувајќи му физичка или психичка болка . Што значи со паричниот надомест се обидува да ја омекне нерамнотежата во психичкиот живот на оштетениот;

- Со паричниот надомест се овозможува оштетениот да почуствува определена радост, пријатност или пак уживање со цел да му се помогне полесно да ја поднесе болката која што ја претрпел ;

- Предизвиканата болка претставува повреда на правата на личноста и надоместокот за болка го изразува хуманитарниот пристап на заштита на личноста и

- Паричниот надомест за оштетениот претставува определено задоволување или сатисфакција, додека пак за штетникот претставува губење на дел од имотот.[76]

Нашиот правен систем го прифаќа позитивното стојалиште.

8.2.1.Правичен паричен надоместок кај лице во несвесна состојба во споредбеното право

Свесноста кај оштетениот не претставува претпоставка за стекнување на право на правичен паричен надоместок за надомест на нематеријална штета овај став преовладува кај современите европски правни системи.

Во Франција може да се досуди и исплата на правичен паричен надоместок за нематеријална штета и на лице кое што е без свест или се наоѓа во кома. Во тој случај положбата на жртвата се проценува според објективниот критериум.

Истиот став го содржи и германскиот граѓански законик кој што во 1992 година определил дека може да му се опреедели паричен надомест на лицата кои што се наоѓааат во несвесна состојба. Бидејќи повредата на правата на личноста губењето на личните квалитети како последица од тешки повреди на мозокот, преставува штета која што треба да се поправи без разлика дали оштетениот е свесен или не, затоашто самаата штета преставува губење на човековото достоинство.

Во англиското право до неодамна не беше јасно дали се досудува паричен надомест за лицата кои што се наоѓаат во несвнесна состојба. Меѓутоа од случајот Wise v. Kaye може да се заклучи дека од сторувањето на штетното дејствие и во времето на одлучување за надоместокот оштетената била во несвесна состојба. Таа претрпела губење на сите функции а за тоа не била ни свесна. Поради тоа биле во двоумење дали да и досудат само мал износ за надомест за штета. Во понатамошните одлуки решено е дека несвнесната состојба не е релевантна бидејќи тоа не ја отстранува цела нанесена штета, тоа претставува губиток без разлика дали лицето е свесно за тоа или не.

[76] Abedin Bikid: Naknada neimovinske štete de lege lata i de lege ferenda Godišnjak Pravnog fakulteta u Sarajevu, LII – 2009.

Од примерите на споредбеното право може да се согледа дека, без разлика на различните традиции и пристапи на законодавците за нематеријалната штета, сите дошле до ист заклучок а тоа е дека тешките повреди на здравјето кои што довеле до несвесна состојба на оштетениот, претставуваат штета само по себе, и поради тоа паричниот надомест треба да се досуди без разлика што лицето не е свесно за тие повреди.[77]

8.3 Надоместување на нематеријална штета на правни лица

Правните лице имаат право на надомест на нематеријална штета исто како и физичките лица. Поради специфичноста на правните лица како правни субјекти, изречно е пропишано дека и правните лица ги имаат сите права на личноста, освен оние кои што се врзани за биолошката суштина на физичките лица, а особено правото на добар глас и углед, назив односно фирма, деловна тајна, слободно претприемништво и други лични права на овие лица.[78]

Проценката на повредените права на личноста на правните лица претставува сложена задача. Судската пракса сеуште не познава примери на досуден паричен надомест на нематеријална штета. Како примери за нанесена нематеријална штета на правните лица може да се земат: повреда на угледот на правното лице поради што дошло до намалување на прометот, губење на клиенти со што е претрпена материјална штета. Што значи постоењето на материјалната штета која што е во тесна врска или пак настанала од истото штетно дејствие со повредените лични права на правните лица ќе доведе до полесно утврдување на висината на надоместокот на претрпената нематеријална штета. Меѓутоа во случаите кога материјалната штета ќе изостане многу е тешко да се определи тежината на повредата на правата на личноста особено затоашто нема дополнителни критериуми како кај физичките лица за утврдување на тежината на повредата како што е болката стравот. Како основ за надомест на нематеријална штета може да се смета и правото на слобода на претприемништво, како и слободата на пазарот и еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.

[77] 0 D-r MAJA BUKOVAC PUVAČA, Funkcije pravične novčane naknade u hrvatskom... Zb. Prav. fak. Sveuč. Rijeka. (1991).
[78] http://www.pravdiko.mk/nadomest-na-nematerijalna-shteta/.

8.4 Паричен надомест на нематеријална штета за душевни болки поради смрт или тежок инвалидитет на блиско лице

Според ЗОО надомест на штета има лицето врз кое непосредно е извршена штетата со некое штетно дејствие. Меѓутоа во ЗОО постојат определени отстапувања и во определени околности можно е лицето кое што посредно било оштетено односно на лицата кои што не му било директно насочено штетното дејствие да му се признае надомест на нематеријална штета. Еден од овие примери кои што посредната штета е правно призната претставува душевната болка поради смрт на блиско лице.[79]

Смртта на блиското лице предизвикува чуство на болка кај личностите кои што го сакале умреното лице. Душевната болка за смртта на блиската личност мора да биде вистинска, интензивна и да трае овие факти судот ги испитува зедно со другите околности во случајот. Кај овај вид на надомест на нематеријална штета судот ги испитува и околностите кој што се релевантни за емотивната блискост на оштетениот и загинатото лице како и животните односи кои што се случувале помеѓу нив.[80]

Како лица кои што можат да примат надомест за душевна болка поради смрт на блиско лице се членовите на потесното семејство и тоа брачниот другар, децата и родителите како и браќата и сестрите само ако помеѓу нив постоела трајна заедница, како и вонбрачниот другар. Меѓутоа овај круг на лица не е таксативно наборен и можно е во судската пракса да се дојде до примери каде што постојат отстапки. Исто така како позитивен пример во судската пракса може да се најде и примерот каде што постои надомест на штета на сеуште не родено дете (насцитурус), односно дете кое што дошло на свет по смрта на веќе починатиот родител. Товарот за докажување паѓа на тужителот, тој треба да ги докажува фактите кои што се од значење за утврдување на висината на надоместот.

Во судската пракса највисок надомест му се исплаќа на малолетните деца за смртта на својот родител и на брачниот другар. Во случаите кога како оштетен се наоѓа ментално заостанато лице и тоа лице има право на надомест во случаите кога може да се утврди

[79] Berislav Matijevid, INSTITUT NAKNADE NEMATERIJALNE ŠTETE.
[80] Самир Манић, Новчана накнада нематеријалне штете за душевне болове.

дека и тоа лице трпи во одредена мера душевна болка која е поради губењето на родителот.[81]

Надоместот за душевни болки претрпени поради тежок инвалидитет на блиско лице претставува исто така пример за посредно претрпена штета. Оваа штета му се надоместува на посредно оштетените лица кои што се блиски лица на непосредно оштеното лице за душевните болки кои ги трпат како и за тоа што претставуваат сведоци на патењето на лицето поради тешкиот инвалидитет.

Како битен факт за одлучувањето за надоместот на нематеријална штета претставува карактерот на телесната повреда односно тежината на инвалидитетот. Со цел да се утврди потребно е да се изврши судско –медицинско вештачење.[82]

Судската пракса како тежок инвалидитет го смета кога оштетениот ги изгубил битните животни функции, што во голема мера станал зависен од грижата и помошта на другите лица.

Како круг на лица кои што имаат право на надомест на штета поради тежок инвалидитет на блиско лице е далеку помал од надоместот за штета за претрпени душевни болки за смрт на блиско лице. Правото на надомест му припаѓа на брачниот другар, децата и родитетлите како и вонбрачниот другар. А неможат да ја баараат браќата и сестрите на инвалидот.

ЗОО не определува што претставува тежок инвалидитет. Во праксата е утврдено дека како тежок инвалидитет немора да се смета само физички недостаток туку можно е како тежок инвалидитет да се смета и од психичката сфера односно поради тешко оштетување на мозокот доаѓа до пропаѓање на психичките и намалување на менталната и интелектуална функција до таа мера да животната и работна способност да се сведат на 10% . Што значи иако надворешните манифестации немаат тежок карактер, таа состојба се смета за тежок инвалидитет.

Право на барање на надомест поради претрпени душевни болки поради тежок инвалидитет на блиско лице му припаѓа на членовите на потесното семејство на оштетениот, меѓутоа тоа не го исклучува самото право на инвалидот да бара за себе,

[81] Ivica Crnić, predsjednik Vrhovnog suda Republike Hrvatske, NAKNADA NEMATERIJALNE ŠTETE.
[82] М-р Раденко, Јотанович, Новчана накнада појединих видова нематеријалне штете за претрпљене душевне болове.

самостојно и одвоено од истиот штетник надомест за својата претпрена душевна болка, страв, физичка болка како и поради намалената животна активност.

8.5 Надомест на идна штета

За разлика од веќе постоечката штета која што веќе настанала поради некое штетно дејствие, кај идната штета настаната е само причината, а самата штета сеуште не е настаната. ЗОО определил дека „Судот, на барање на оштетениот, ќе досуди справедлив паричен надоместок и за идна нематеријална штета, ако според редовниот тек е извесно дека таа ќе трае и во иднина.“[83] Што значи доколку настанала нематеријална штета чија што причина за настанување настанала за време на одлучувањето, при што настанала нематеријална штета која што континуирано ќе трае во иднина, или пак доколку штетата суште не е настаната меѓутоа е сигурно ќе настане во иднина постојат претпоставки за досудување на идна штета.

Во ЗОО идната штета е спомната кај надоместокот на нематеријална штета, додека пак кај материјалната штета не постојат одредби во кои што се спомнува идната штета, меѓутоа во одредбите каде што се спомнува надомест на материјална штета во облик на рента може да се извлече постоењето на идната штета.

За разлика од надоместот на идната материјална штета каде што единствен начин за остварување на таа штета е плаќање на парична рента, надоместокот на идната нематеријална штета се врши преку плаќање на еднократен износ. Меѓутоа иако во ЗОО е предвидено надоместот на идната нематеријална штета да се исплаќа во еднократен износ во судската пракса определила дека во оправдани случаеви наплатата на идната нематеријална штета може да се изрази во парична рента. Што значи наплатата на идната нематеријална штета се врши еднократно, меѓутоа само во оправдани и исклучителни ситуации во облик на парична рента.[84]

Доколку на оштетениот му е предвиден и надомест за идна штета тоа не значи дека на оштетениот му е признато правото на две посебни надомести. Туку дека нематеријалната штета (сегашната и идната) претставуваат една штета за која што се

[83] Закон за облигациони односи член 192.
[84] D-r Jadranko JUG, Naknada budude štete, znanstveni rad, Zagreb, 2015.

опредедлува еден износ на надомест при што во предвид се зема траењето на штетата до донесувањето на пресудата како и во иднина.[85]

Надоместот на идна нематеријална штета ќе се досуди на барање на оштетениот, доколку по редовен тек на настаните е извесно нејзиното траење како и нејзиното сукцесивно зголемување или пак нејзиното настанување во иднина. Оваа штета не е евентуална, ниту пак неизвесна иначе не би можела да биде вклучена во износот на праведниот паричен надоместок кој што судот ги определува врз основа на околностите за време на донесување на пресудата. Идната штета е онаа која што е веројатно дека ќе настапи.

Како околност од која што може да се утврди која штета е сегашна веќе настаната а која идна претставува денот на донесување на првостепената пресуда. Цела штета која што оштетениот ја претрпел до завршувањето на главната расправа пред првостепениот суд се смета за доспеана па ја сметаме како минатата штета , а можноста за идна штета судот може да ја досуди врз основа на членот 192 од Законот за облигациони односи. Штетникот може да надомести само онаа штета која што е веројатно дека ќе настани. Како обврска на судијата претставува да определи дали штетата би настанала и која би бил нејзиниот веројатен износ.

Во ЗОО е определено дека праведниот паричен надоместок пристигнува со денот на донесување на првостепената пресуда со која што е определена висината на овај надоместок. Бидејќи како што веќе напоменав сегашната штета и идната штета се сметаат за една штета. Тогаш може да се каже дека пристигнатоста на идната штета може да се определи како и сегашната штета според општата одредба за пристигнување на праведниот паричен надоемсток а тоа е денот на донесување на првостепената пресуда.[86]

Неколку примери за надомест на идна штета кои што можат да настанат во случај на собраќајна несреќа:

- За идна штета во случајот на незавршено лечење (за надоемст на лекарска услуга и нега) претставува апстрактна штета и е неизвесно дали таа штета ќе се надомести, што значи може да се бара надомест меѓутоа поради причината

[85] 1 D-r MAJA BUKOVAC PUVAČA, Deset godina nove koncepcije neimovinske štete Zb. Prav. fak. Sveuč. Rijeka. (1991).
[86] D-r Jadranko JUG, Naknada budude štete, znanstveni rad, Zagreb, 2015.

дека нејзината висина може многу тешко да се определи неизвесно е дали ќе се определи;

- За надомест на идна штета за изгубена идна заработка исто така спаѓа во апстрактни штети и се определува според работното место, очекувањата за напредување, економската состојба на оштетениот и слични критериуми. Надоместот кај овај вид на идна штета се определува во нето износ и
- Надоместокот за претрпените болки се исплаќа за претрпените болки како и за идните претрпени болки и патења.[87]

[87] Доц д-р Кнјежевич, Мирјана, Накнада штете у сопораќајном праву, научни рад, март 2009.

Заклучок

Во Република Северна Македонија, правото на надомест на материјална штета се уредува со Законот за облигациони односи како lex generalis.

Постојат и други закони (lex specialis) со кои дополнително се разработува оваа материја и еден од поважните е Законот за осигурување.

Исто така разработен е еден од најважните меѓународни инструменти значајни за регулирање на односите кои настануваат со причинување на штета, а тоа е Рим II Уредба: унифицирани правила на правото релевантни за вондоговорниобврски. Таа е битна за регулирање на ваквиот вид на односи тогаш кога постои странски субјект и кога треба да се утврди кое право е меродавно за конкретниот однос.

Во овој труд се разработуваат видовите на одговорност за штета, со посебен акцент на субјективната одговорност и самата вина, видовите на исклучување на одговорност, субјекти на ваквите видови на облигациони односи, потоа кои се општи услови за настанување на облигационен однос со причинување на штета.

Со секое човечко делување може како последица да дојде до настанување на штета. Штетата може да настане со со чинење како и со не чинење од страна на луѓето, државата, организациите, здруженијата, правните субјетки, како и од животни, од опасни предмети и природни појави.

Со самото предизвикување на штета се создава обврската за нејзина надомест, односно облигација. Може да се каже дека со самиот напредок на техничката цивилизација, како и со интензивирањето на различните видови на сообраќај значително е зголемен ризикот од настанување на огромни штети, и тоа како по бројноста така и по зачестеноста и обемот на штетата.

Лицето кое што ќе претрпи штета има право на обесштетување. Меѓутоа во зависност од видот на штетата не секогаш е можно нејзино целосно и праведно

обесштетување но сепак на оштетениот може да му се пружи барем делумна сатисфакција за претрпената штета.Со самото тоа што имаме повеќе видови на штета, така и имаме и повеќе видови на надомест на штета.Обесштетувањето може да биде натурално, преку паричен надоместок или преку морални и други видови на сатисфакција.

Користена литература

1. Антић, О., Облигационо право, Београд, 2009,

2. A. Romac, Izvori rimskog prava, Zagreb, 1973,

3. Bogdan Loza i Nevenko Misita, Obligaciono pravo,

4. Burdick, W. L., The principles of Roman law and their relation to modern law, New

York, 1938,

5. Вака и Пухан И., Поленак – Аќимовска М., op.cit., стр. 229; Андреев Н. М., Римско частно право, София, 1971,

6. Вуковиќ. М, Одговорност за штете, Загреб, 1971 година,

7. Von Bar C.: Non-contractual liability arising out of damage caused to another: (PEL Liab. Dam.), sellier. european law publ., 2009,

8. Гај, Инст. 3, 210 – 211,

9. G. T. Schwartz, The myth of the Ford Pinto case (1991), 43 Rutgers Law Review, 1031-1068,

10. Д. 9, 2, 44 Ulpianus libro quadragensimo secundo ad Sabinum,

11. Доц. Д-р Амповска М., Отштетно право, Универзитет „Гоце Делчев" -Штип, Штип, 2016 година,

12. Д-р Јакшич С., Облигационо право, Веселин Маслеша, Сараево, 1960

13. Д-р Милошевич Љ., Облигационо право, Универзитет во Нови Сад, 1966 година, Закон за облигационите односи,

14. Dragan Kostić, op. cit. стр. 82-87,

15. Enciklopedija imovinskog prava, tom I, Beograd, 1978, стр. 430-447,

16. Jakov Radišić, op.cit. стр 189,

17. Katarina Ivančević, Građanskopravna odgovornost proizvođača za štetu od neispravnog proizvoda, Pravni zapisi, God III, br.2, Beograd, 2012,

18. Le Robert, Dictionnaire historique de la langue franraise, уредник Alain Rey,

19. Лоза, Б., Облигационо право, општи дио, Београд, 2000,

20. М. Хорват, Римско Право, Загреб, 1973 година,

21. М-р Кунда И., Уредба Рим II: унифицирани правила на правото релевантни за вондоговорни обврски, Правен факултет Свеучилишта, Ријека, (1991) в. 28, бр.2, 1269-1324, (2007)

22. M. Villey, Esquisse historique sur Le mot responsible, Arch, phil. dr., 1977, Sirey, 1.22, ,, La responsabilite",

23. Mihajlo Konstantinović, Obligaciono pravo…, Beograd, 1962,

24. Milošević, Lj., Obligaciono pravo, Beograd, 1982 година,

25. ,,Nul en France ne plaide par procureur, hormis Le rol" , H Roland el I. Boyer, Litec, 4то издание, 1999,

26. O. Bloch et W. von Wartburg, Dictionnaire etymologique de la langue franraise, 5-то

издание, PUF, 1968,

27. (PECL) and UNIDROIT Principles of International Commercial Contracts (UPICC), December 2004,

28. Perović, S.K. (2004) Osnov ugovorne i deliktne odgovornosti. Pravni život, vol. 53

29. Petar Klarić, Odštetno pravo, Zagreb, 2003 god.

30. Проф. Д-р Галев Г., Проф. Д-р Дабовиќ-Анастасовска Ј., Облигационо право, Просветно дело АД Скопје, Скопје, 2012 година,

31. Проф. Дукоски С., Облигационо право договори, Графомак, Кичево, 2016 година,

32. Проф. Д-р Поп Георгиев Д., Облигационо право, Култура, Скопје, 1985 година,

33. Проф. Д-р Поп Георгиев Д., Облигационо право, Завод за унапредување на стопанството во СРМ , Скопје, 1976 година,

34. Проф. Д-р Чавдар К., Правен Лексикон на трговското и граѓанското право право, Академик, Скопје, 2004 година,

35. Проф. Д-р Чавдар К., Доцент Д-р Чавдар К, Закон за облигационите односи - коментари, објаснувања и предметен регистар, Академик, Скопје, 2012 година,

36. Радишич Ј., Облигационо право – општи део, Београд, 2004, стр. 183, исто и Вучкович М., Облигационо право, Нови Сад, 1998 година